

ЏИН ШАРП

# ОД ДИКТАТУРА ДО ДЕМОКРАТИЈА

## КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ

# Од ДИКТАТУРА до ДЕМОКРАТИЈА

Концептуална рамка за ослободување

Џин Шарп

Издавач:
**Фондација Отворено општество – Македонија**

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

За издавачот:
**Владимир Милчин**

Превод од англиски јазик:
**Васко Лазаревски**

Лектура и коректура:
**Бобан Карапејовски**

Дизајн и подготовка:
**Бригада дизајн**

Печат:
**Пропоинт**

Тираж:
1.000

**Изданието е некомерцијално**

CIP - Каталогизација во публикација Национална
и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

321.64/.7:323.22/.28

ШАРП, Џин
Од диктатура до демократија / Џин Шарп ; [превод од англиски
јазик Васко Лазаревски]. - Скопје : Фондација Отворено општество
- Македонија, 2013.
- 106 стр. ; 22 см

Превод на делото: From Dictatorship to Democracy / Gene Sharp. -
Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилог 1-3

ISBN 978-608-218-188-2
I. Sharp, Gene види Шарп, Џин
а) Диктатура - Спречување и укинување

COBISS.MK-ID 94853898

Целиот материјал во оваа
публикација му припаѓа на јавниот домен.
Задолжително е наведување на изворот и известување
до Институцијата „Алберт Ајнштајн“ во врска со репродуцирањето,
преведувањето и препечатувањето на оваа публикација.

Прво издание, мај 2002
Второ издание, јуни 2003
Трето издание, февруари 2008
Четврто издание, мај 2010

„Од диктатура до демократија“ беше изворно објавена во Бангкок во 1993 година од страна на Комитетот за обнова на демократијата во Бурма, во соработка со Кит Пјанг (*The New Era Journal*). Оттогаш е преведена на најмалку триесет и еден јазик и е објавена, меѓу другите земји, и во Србија, Индонезија и Тајланд.

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** **7**

1
**РЕАЛИСТИЧНО СООЧУВАЊЕ СО ДИКТАТУРАТА** **10**
Постојан проблем 11
До слобода со насилство? 13
Државни удари, избори, странски спасители? 14
Соочување со непријатната вистина 17

2
**ОПАСНОСТИТЕ НА ПРЕГОВАРАЊЕТО** **19**
Придобивки и ограничувања на преговорите 20
Преговори за предавање? 21
Моќта и правдата во преговорите 22
„Попустливи“ диктатори 23
Каков вид мир? 24
Причини за надеж 25

3
**ОД КАДЕ ПРОИЗЛЕГУВА МОЌТА?** **27**
Приказната „Господарот на мајмуните“ 27
Неопходни извори на политичка моќ 28
Центри на демократска моќ 32

4
**ДИКТАТУРИТЕ ИМААТ СЛАБОСТИ** **34**
Идентификување на Ахиловата петица 34
Слабости на диктатурите 35
Напад врз слабите точки на диктатурата 37

5
**КОРИСТЕЊЕ НА МОЌТА** **38**
Дејствувањето на ненасилната борба 39
Ненасилни оружја и дисциплина 39
Отвореност, тајност и високи стандарди 43
Менување на односот на силите 44
Четири механизми на промената 44
Демократизирачките ефекти од политичкиот пркос 46
Комплексноста на ненасилната борба 48

6
**ПОТРЕБА ОД СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ** **49**
Дејствувањето на ненасилната борба 50
Ненасилни оружја и дисциплина 51
Отвореност, тајност и високи стандарди 54

7
**ПЛАНИРАЊЕ СТРАТЕГИЈА** **57**
Избор на средства 58
Планирање на демократијата 59
Надворешна помош 60
Формулирање главна стратегија 61
Планирање стратегии на кампањи 63
Ширење на идејата за несоработка 66
Репресија и противмерки 67
Придржување до стратегискиот план 68

8
**СПРОВЕДУВАЊЕ ПОЛИТИЧКИ ПРКОС** **69**
Селективен отпор 69
Симболични предизвици 70
Ширење на одговорноста 72
Моќта на диктаторот на нишан 73
Промени во стратегијата 75

9
**РАСТУРАЊЕ НА ДИКТАТУРАТА** **77**
Ескалирање на слободата 79
Уривање на диктатурата 81
Одговорно однесување по успехот 82

10
**ТЕМЕЛИТЕ НА ТРАЈНАТА ДЕМОКРАТИЈА** **84**
Опасност од нова диктатура 85
Спречување преврати 85
Изработка на нацрт-устав 86
Демократска одбранбена политика 87
Мериторна одговорност 88

ПРИЛОГ 1
**Методи на ненасилна акција** **90**

ПРИЛОГ 2
**Благодарност и забелешки за историјата на „Од диктатура до демократија“** **99**

ПРИЛОГ 3
**Забелешки за преводот и за новите изданија на оваа публикација** **103**

**ЗА ПОНАТАМОШНО ЧИТАЊЕ** **105**

# ПРЕДГОВОР

Една од главните теми што ме преокупираат многу години е прашањето како луѓето да го спречат настанувањето на диктатурата и како да ја уништат. Делумно, ова го правев поради верувањето дека луѓето не треба да бидат подјармени и ништени од такви режими. Читајќи за важноста на човековата слобода, за природата на диктатурите (од Аристотел до аналитичарите на тоталитаризмот) и за историите на диктатурите (особено на нацистичкиот и сталинистичкиот систем), ова мое чувство се засили.

Во текот на годините имав можност да запознаам луѓе што живееле и што страдале под нацистичката власт, вклучувајќи и некои што преживеале концентрациони логори. Во Норвешка сретнав луѓе што ѝ дале отпор на фашистичката власт и преживеале, а слушнав и за оние што загинале. Зборував со Евреи што избегале од канџите на нацизмот и со лица што им помогнале да се спасат.

Знаењето за теророт на комунистичките системи во разни земји повеќе го здобив читајќи книги отколку преку лични контакти. Теророт на овие системи ми се чинеше особено болен, затоа што овие диктатури беа наметнати во име на ослободување од угнетувањето и експлоатацијата.

Во последните децении, благодарение на посетите на луѓе од земји со диктаторско владеење, какви што се Панама, Полска, Чиле, Тибет и Бурма, реалноста на денешните диктатури ми стана поопиплива. Од Тибетанците што се бореле против кинеската комунистичка агресија, Русите што во август 1991 го задушиле превратот на застапниците на цврстата линија и Таите што ненасилно го блокирале враќањето кон воениот режим, стекнав, често мачни, увиди во злобната природа на диктатурите.

Чувството на длабока тага и бес поради бруталностите, заедно со восхитот од достоинствениот хероизам на неверојатно храбрите мажи и жени, понекогаш беше засилено од посетите на местата каде што опасностите сè уште беа големи, а, сепак, непокорот на луѓето продолжуваше. Тука спаѓаат Панама под

Нориега; Вилнус, Литванија, под постојаната советска репресија; плоштадот Тјенанмен во Пекинг – и за време на веселата демонстрација на слобода и за време на пробивот на првите оклопни транспортери таа кобна ноќ; како и штабот на демократската опозиција во џунглата во Манерпло во „слободна Бурма“.

Понекогаш ги посетував и местата каде што се гинело, какви што се телевизиската кула и гробиштата во Вилнус, јавниот парк во Рига, каде што луѓето биле стрелани, центарот на Ферара во северна Италија, каде што фашистите ги построиле и ги стрелале припадниците на отпорот, и скромните гробишта во Манерпло, исполнети со телата на луѓето што умреле премлади. Тажно е сознанието дека секоја диктатура зад себе остава таква трага од смрт и разурнување.

Од овие мои интереси и искуства израсна непоколеблива надеж дека мора да е возможно превенирањето на тиранијата, дека успешна борба против диктатурите може да се води без огромни заемни колежи, дека диктатурите можат да се уништат и да се спречи можноста да изникнат нови од пепелта на старите.

Се обидов внимателно да размислувам за најефикасните начини на кои може успешно да се растурат диктатурите, со најмала можна цена во страдања и животи. За ова црпев искуство од долгогодишното изучување на диктатурите, движењата на отпорот, револуциите, политичките мисли, државните уредувања и, особено, вистинската ненасилна борба.

Оваа публикација е резултат на тоа. Сигурен сум дека е далеку од совршена. Но, можеби нуди насоки што ќе им помогнат на оние што планираат да создадат ослободителни движења, кои, можеби, ќе ги направи помоќни и поефикасни.

Како резултат на нужноста и намерниот избор, фокусот на овој труд е врз генеричкиот проблем како да се уништи диктатурата и како да се превенира подемот на нова. Не сум компетентен да направам детална анализа и опис на некоја земја посебно. Како и да е, се надевам дека оваа генеричка анализа може да биде корисна во, за жал, многуте земји што се соочуваат со диктаторско владеење. Тие ќе треба да ја

истражат валидноста на оваа анализа во нивната ситуација и размерот во кој нејзините препораки се, или може да се направат, применливи за нивната борба за слобода.

На ниедно место во оваа анализа не поаѓам од претпоставката дека противставувањето на диктаторите ќе биде лесен потфат или дека не треба да се плати голема цена. Сите форми на борба имаат свои компликации и цена. Борбата против диктаторите, секако, ќе предизвика жртви. Сепак, се надевам дека оваа анализа ќе ги поттикне водачите на отпорот да размислат за стратегии што можат да ја зголемат нивната ефективна моќ, во исто време намалувајќи го релативното ниво на загуби.

Анализава не треба да се толкува во смисла на тоа дека со крајот на определена диктатура сите други проблеми ќе исчезнат. Падот на еден режим не донесува создавање утопија. Со тоа се отвора пат за тешка работа и долготрајни напори за да се изградат поправедни општествени, економски и политички односи и да се уништат другите облици на неправда и на угнетување. Се надевам дека ова кратко истражување за тоа како може да се уништи диктатурата ќе им биде од корист на луѓето од целиот свет што живеат под доминација и копнеат по слобода.

Џин Шарп

6 октомври 1993
Институција „Алберт Ајнштајн“
Бостон, Масачусетс

# 1

# РЕАЛИСТИЧНО СООЧУВАЊЕ СО ДИКТАТУРАТА

Во последните години разни диктатури – и од внатрешно и од надворешно потекло – паднаа или се затетеравија кога се соочија со пркосниот и мобилизиран народ. Иако често беа сметани за вкопани во ров и непробојни, некои од овие диктатури се покажаа неспособни да го издржат здружениот политички, економски и општествен пркос на народот.

Од 1980 година диктатурите паѓаа пред главно ненасилниот пркос на народот во Естонија, Латвија и Литванија; Полска, Источна Германија, Чехословачка и Словенија; Мадагаскар, Мали, Боливија и Филипини. Ненасилниот отпор го потпомогна придвижувањето кон демократизација во Непал, Замбија, Јужна Кореја, Чиле, Аргентина, Хаити, Бразил. Уругвај, Малави, Тајланд, Бугарија, Унгарија, Нигерија и многу делови од поранешниот Советски Сојуз (играјќи значајна улога во поразот на тврдолинијашкиот државен удар во август 1991).

Освен тоа, во последните години масовен политички пркос[1]

[1] Терминот што се користи во овој контекст прв го употреби Роберт Хелви. „Политички пркос" е ненасилна борба (протест, несоработка и интервенција), која пркосно и активно се користи за политички цели. Терминот настана како одговор на забуната и на извртувањата што се создадоа при изедначувањето на ненасилната борба со пацифизмот и моралното или верско „ненасилство". „Прскосот" означува намерно предизвикување на властите преку непослушност, без да се остави простор за покорност. „Политичкиот пркос" ја опишува околината во која се извршува акцијата (политичка), како и целта (политичката моќ). Терминот, главно, се користи за да опише акција на народот за преземање на контролата врз владините институции од диктатурата преку неуморно напаѓање на нивните извори на моќ и намерно користење стратегиско планирање и операции за да се спроведе тоа. Во овој документ политичкиот пркос, ненасилниот отпор и ненасилната борба ќе се користат наизменично, иако последните два термини воопштено се однесуваат на борбите со поширок опсег цели (општествени, економски, психолошки итн.).

се појави во Кина, Бурма и Тибет. Иако тие борби не донесоа крај на владејачките диктатури или окупации, пред светската јавност овие борби ја изложија бруталната природа на тие репресивни режими и на населението му донесоа вредно искуство за овој вид борба.

Пропаста на диктатурите во земјите спомнати погоре, секако не ги избриша сите други проблеми во овие општества: сиромаштијата, криминалот, бирократската неефикасност и уништувањето на животната средина се наследството што најчесто останува од бруталните режими. Како и да е, падот на овие диктатури минимално го намали поголемиот дел од страдањето на жртвите на угнетувањето и го отвори патот кон повторна изградба на овие општества со поголема политичка демократија, лични слободи и социјална правда.

**Постојан проблем**

Во последните децении навистина имаше тренд за поголема демократизација и слобода во светот. Според годишните прегледи на „Фридом хаус" за состојбите со политичките права и граѓанските слободи, бројот на земји класифицирани како „слободни" значително е зголемен во последните години.[2]

| | **слободни** | **делумно слободни** | **неслободни** |
|---|---|---|---|
| **1983** | 54 | 47 | 64 |
| **1993** | 75 | 73 | 38 |
| **2003** | 89 | 55 | 48 |
| **2009** | 89 | 62 | 42 |

Сепак, овој позитивен тренд е отежнат од големиот број луѓе што сѐ уште живеат во услови на тиранија. Во 2008 година, 34 проценти од 6,68 милијарди луѓе на светот живееле во земји означени како „неслободни"[3], т.е. области со екстремно ограничени политички права и граѓански слободи. Четириесет и

[2] Фридом хаус, *Слобода во светот*, http://www.freedomhouse.org.

[3] Ibid.

двете земји што се во категоријата „неслободни“ се владеени од страна на воени диктатури (како во Бурма), традиционални репресивни монархии (како во Саудиска Арабија и во Бутан), доминантни политички партии (како во Кина и во Северна Кореја), странски окупатори (како во Тибет и во Западна Сахара), или се во процес на транзиција.

Денес многу земји се наоѓаат во состојба на брзи економски, политички и општествени промени. Иако бројот на „слободни“ земји е зголемен во последните години, постои огромен ризик дека многу нации, соочени со брзите и суштествени промени, ќе тргнат во спротивната насока и ќе искусат нови форми на диктатура. Воените клики, амбициозните поединци, избраните функционери и доктринарните политички партии одново и одново ќе се трудат да ја наметнат својата волја. Државните удари се и ќе останат вообичаена појава. Основните човекови и политички права и понатаму ќе им бидат одземани на огромен број луѓе.

За несреќа, минатото е сè уште со нас. Проблемот со диктатурите е длабок. Луѓето во многу земји со децении, па и со векови живееле угнетени, без оглед дали од домашен или од странски фактор. Често, беспоговорното покорување на авторитетите и на владејачите било длабоко всадено. Во екстремни случаи, социјалните, економските, па дури и верските институции во општеството – надвор од државна контрола – намерно биле заслабувани, потчинувани, дури и заменувани со нови подобни институции, користени од страна на државата или на владејачката партија за контрола врз општеството. Населението често било атомизирано и претворано во маса изолирани поединци, неспособни заеднички да работат на достигнување на слободата, да се доверуваат едни на други или да прават што и да е по сопствена иницијатива.

Резултатот е предвидлив: населението станува слабо, му недостасува самодоверба и не е способно за отпор. Луѓето често се премногу исплашени за да ја споделат својата омраза спрема диктатурата и својот глад за слобода дури и со семејството и со пријателите. Често, луѓето се премногу исплашени за сериозно да помислат на јавен отпор. Во секој

случај, која би била користа? Наместо тоа, тие се соочуваат со бесцелно страдање и со безнадежна иднина.

Постојните состојби во денешните диктатури може да се многу полоши од порано. Во минатото можеби некои луѓе се обиделе да дадат отпор. Можеби веќе имало краткотрајни масовни протести и демонстрации. Можеби привремено бил подигнат духот на народот. Можеби, во други околности, некои поединци или мали групи направиле смели, но јалови гестови, инсистирајќи на некој принцип или, едноставно, на својот пркос. Колку и да биле благородни нивните мотиви, ваквите минати чинови на отпор често биле недоволни за да се надмине стравот на луѓето и нивната навика на покорност, предуслов потребен за уништување на диктатурата. За жал, овие чинови, наместо победа или барем надеж, веројатно донеле зголемено страдање и смрт.

**До слобода со насилство?**

Што треба да се стори во такви околности? Очигледните можности се чинат бескорисни. Уставните и законските бариери, судските одлуки и јавното мислење обично се игнорирани од страна на диктаторите. Разбирливо е дека, реагирајќи на бруталности, тортура, исчезнувања и убиства, луѓето често заклучуваат дека на диктатурата може да ѝ се стави крај само со насилство. Бесните жртви, и покрај слабите шанси за успех, понекогаш се организирале за борба против бруталните диктатори со помош на оние насилни и воени капацитети што можеле да ги соберат. Често, тие луѓе се бореле храбро и со висока цена во страдања и животи. Нивните достигнувања понекогаш биле значајни, но ретко успевале да се изборат за слобода. Насилните бунтови можат да предизвикаат брутална репресија, која често го остава населението уште побеспомошно од претходно.

Какви и да се придобивките од насилната опција, сепак една работа е јасна. Со потпирањето на насилни средства се одбира типот на борба во кој речиси секогаш угнетувачите се супериорни. Диктаторите се опремени за применување

насилство во огромни размери. Било да издржат долго или кратко, демократите на крајот ќе се соочат со суровата воена реалност. Речиси секогаш се супериорни во воена опрема, муниција, транспорт и големина на воените сили. И покрај храброста, демократите (речиси секогаш) не им се рамноправни противници.

Кога ќе сфатат дека конвенционалниот воен бунт е нереален, некои дисиденти се решаваат за герилска борба. Меѓутоа, герилската борба ретко или никогаш не им донела корист или демократија на угнетените. Герилската борба, очигледно, не е решение, особено ако се знае многу силната тенденција кон огромни жртви меѓу сопственото население. Техниката не гарантира успех и покрај тоа што е поддржана од теорија и од стратегиски анализи, а понекогаш и од меѓународна поддршка. Герилските борби често траат многу долго. Цивилното население често е раселено од страна на владата по цена на огромни човечки страдања и социјална дислокација.

Дури и кога се успешни, герилските борби често имаат долгорочни негативни структурни последици. Нападнатиот режим веднаш станува уште подиктаторски како резултат на противмерките. Ако герилата на крајот и успее, новиот режим често е уште подиктаторски од претходниот поради централизацијата што се случува како резултат на зголемените воени сили и ослабувањето или уништувањето на независните групи и институции во општеството за време на борбата – телата што се витални за воспоставувањето и за одржувањето едно демократско општество. Оние што се против диктатурата треба да побараат друга опција.

**Државни удари, избори, странски спасители?**

Воениот пуч против диктатурата може да се чини како еден од најлесните и најбрзи начини да се отстрани некој особено гнасен режим. Како и да е, постојат многу сериозни проблеми со таа техника. Најважно, таа ја остава недопрена постојната лоша распределба на моќ меѓу населението и елитата што ги

контролира владата и воените сили. Отстранувањето определени личности и клики од владејачките позиции најверојатно само ќе овозможи некоја друга група да го заземе нивното место. Теоретски, оваа група може да се однесува помеко и да биде донекаде отворена за демократски реформи. Сепак, исто толку е веројатно да се случи и спротивното.

По зацврстувањето на своите позиции, новата клика може да стане уште посурова и поамбициозна од старата. Следствено, новата клика – во која можеби се полагани надежи – ќе биде во состојба да прави што сака без да се грижи за демократијата или за човековите права. Тоа не е прифатливо решение на проблемот со диктатурата.

Изборите не се достапни како инструмент за значајна политичка промена. Некои диктаторски режими, какви што се оние во поранешниот Источен блок со кој доминираа Советите, ги поминаа тие чекори за да задржат привид на демократија. Сепак, тие избори беа строго контролирани плебисцити, чија цел беше јавно да ги потврдат кандидатите што претходно лично ги избрал диктаторот. Кога се под притисок, диктаторите може да се согласат на нови избори, но потоа ќе ги наместат за да сместат цивилни марионети во канцелариите на владата. Ако им се дозволи на кандидатите на опозицијата да се кандидираат, па тие и да победат, како што се случи во Бурма во 1990 и во Нигерија во 1993 година, резултатите може едноставно да бидат игнорирани, а „победниците“ да бидат изложени на заплашувања, апсења, па дури и егзекуции. Диктаторите не се во филмот на дозволување избори што можат да ги отстранат од тронот.

Многу луѓе што сега страдаат под брутална диктатура, или што заминале во егзил за да избегаат од нејзиниот дофат, не веруваат дека угнетените можат сами да се ослободат. Тие сметаат дека нивниот народ може да биде ослободен само со акција на други. Овие луѓе своите надежи ги полагаат во надворешните сили. Веруваат дека само меѓународната помош може да е доволно силна за да ги урне диктаторите.

Мислењето дека угнетените не се во можност ефективно да дејствуваат понекогаш е адекватно за определен временски

период. Како што беше спомнато, угнетените луѓе често немаат волја и се привремено неспособни да се борат, затоа што немаат доверба во своите способности да се соочат со суровата диктатура и не знаат на кој начин да се спасат. Затоа е разбирливо што многумина ја полагаат својата надеж за ослободување во други. Оваа надворешна сила може да биде „јавното мислење“, Обединетите нации, некоја земја или меѓународни економски или политички санкции.

Сценариото можеби звучи утешително, но има големи проблеми во потпирањето на надворешен спасител. Таквата доверба може да е целосно погрешна. Вообичаено, не доаѓаат странски спасители, а и ако интервенира некоја странска држава, веројатно не треба да ѝ се верува.

Овде треба да се истакнат неколку голи факти за потпирањето врз странска интервенција:

- Странските држави често ќе толерираат некоја диктатура, па дури и ќе ѝ помогнат, со цел да ги унапредат своите економски или политички интереси.
- Исто така, странските држави, ако имаат друга цел, може да сакаат да го изневерат угнетениот народ, наместо да го одржат ветувањето да му помогнат во неговото ослободување.
- Некои странски држави ќе дејствуваат против диктатурата само за да се здобијат со економска, политичка или воена контрола врз земјата.
- Странските држави можат активно да се вклучат во остварувањето позитивни цели само ако и кога внатрешното движење на отпорот веќе почнало да ја разнишува диктатурата и со тоа го привлекло вниманието на меѓународната заедница кон бруталната природа на режимот.

Обично диктатурите постојат заради внатрешната поделба на моќта во нивната земја. Населението и општеството се преслаби за да ѝ предизвикаат сериозни проблеми на диктатурата, а богатството и моќта се концентрирани во рацете на

премал број луѓе. Иако диктатурата може да има корист или да биде донекаде ослабена од меѓународните акции, нејзиното опстојување зависи главно од внатрешни фактори.

Сепак, меѓународните притисоци можат да бидат многу корисни кога поддржуваат моќно внатрешно движење на отпорот. Тогаш, на пример, многу можат да помогнат меѓународните економски бојкоти, ембаргата, прекините на дипломатските односи, исклучувањето од меѓународните организации, осудата од страна на телата на Обединетите нации и слично. Како и да е, во отсуство на силно внатрешно движење на отпорот, малку е веројатно дека таквите санкции ќе се случат.

**Соочување со непријатната вистина**

Заклучокот е непријатен. Кога некој сака да урне диктатура на најефикасен начин, и притоа да плати најмала цена, тогаш му претстојат четири итни задачи:

- Мора кај угнетеното население да се засили одлучноста, самодовербата и вештините потребни за отпорот.
- Мора да се зајакнат независните општествени групи и институции на угнетениот народ.
- Мора да се создадат моќни внатрешни сили на отпорот.
- Мора да се развие мудар голем стратегиски план за ослободување и вешто да се спроведува.

Ослободителната борба е време за потпирање врз сопствените сили и за внатрешно јакнење на борбената група. Како што крикнал Чарлс Стјуарт Парнел за време на ирскиот штрајк против закупнините во 1879 и 1880:

> „Не вреди да се потпирате на владата... Мора да се потпирате само на вашата сопствена решителност... Помагајте си држејќи се заедно... Вдахнете им сила на слабите меѓу вас... Поврзете се, организирајте се... И мора да победите...“

„Кога ќе постигнете ова прашање да биде зрело за решавање, тогаш - и само тогаш - тоа ќе биде решено".[4]

Соочена со голема сила што верува во себе, мудра стратегија, дисциплинирана и храбра акција и вистинска моќ, диктатурата на крајот ќе се распадне. Минимумот е, сепак, четирите услови спомнати погоре да бидат исполнети.

Како што покажува досегашната дискусија, ослободувањето од диктатурата најмногу зависи од способноста на луѓето сами да се ослободат. Примерите на успешен политички пркос – или ненасилна борба со политички цели – наведени погоре, покажуваат дека постојат средствата со кои населението може да се ослободи, но таа опција останала недоразвиена. Детално ќе ја истражиме таа опција во следните поглавја. Сепак, прво треба да го разгледаме прашањето за преговорите како средство за отстранување на диктатурите.

[4] Patrick Sarsfield O'Hegarty, *A History of Ireland Under the Union, 1880 – 1922*, London Methuen, стр. 490-491.

# 2

# ОПАСНОСТИТЕ НА ПРЕГОВАРАЊЕТО

Кога ќе се соочат со тешките проблеми што ги носи противставувањето на диктатурата (како што беше посочено во првата глава), некои луѓе можат да западнат во пасивна покорност. Други, не гледајќи можност да се достигне демократија, може да заклучат дека мора да се помират со очигледно трајната диктатура, надевајќи се дека преку „помирување“, „компромис“ и „преговори“ можеби ќе успеат да спасат некои позитивни елементи и да ставaт крај на бруталностите. На прв пглед, во недостиг на реалистични опции, таквиот начин на размислување има свои предности.

Сериозната борба против бруталните диктатури не е пријатна. Зошто мора да се оди по тој пат? Не можат ли сите да бидат разумни и да најдат начини како да разговараат, постепено низ преговори да ја доведат диктатурата до крај? Не можат ли демократите да апелираат на елементарната хуманост на диктаторите и да ги убедат да ја намалат нивната доминација, дел по дел, а можеби на крајот сосема да отворат пат за воспоставување демократија?

Понекогаш се тврди дека нема само една вистина. Можеби демократите погрешно ги разбрале диктаторите, кои можеби дејствувале со добри мотиви во тешки околности? Или некој можеби ќе помисли дека диктаторите доброволно би се тргнале од тешката ситуација со која се соочува земјата само ако некој ги охрабри и ги поттикне на тоа. Можеби на диктаторите треба да им се понуди ситуација во која сите добиваат, во која секој добива нешто. Ризиците и страдањата од понатамошната борба можеби се непотребни, ќе речат некои, кога само демократската опозиција би се покажала подготвена мирно да го реши конфликтот со преговори (во кои можеби ќе помогнат некои вешти поединци или дури и друга влада). Не би било

ли тоа попожелно отколку тешка борба, дури и ако се води со ненасилни средства, а не со воени операции?

**Придобивки и ограничувања на преговорите**

Преговорите се многу корисна алатка при решавањето некои типови прашања во конфликтите и не треба да се запоставаат или отфрлат кога се соодветни. Во некои ситуации кога не се засегнати фундаментални прашања, а со тоа и компромисот е прифатлив, преговорите може да бидат важно средство за решавање конфликт. Работничкиот штрајк за поголеми плати е добар пример за соодветната улога на преговорите во конфликтот: договорот до кој е дојдено со преговори може да обезбеди зголемување, кое ќе биде некаде помеѓу сумите што на почетокот биле предложени од противставените страни. Работничките конфликти со легалните синдикати се, сепак, многу поинакви од конфликтите во кои се работи за продолжување на суровата диктатура или за воспоставување политичка слобода.

Кога спорните прашања се фундаментални, такви што ги засегаат верските принципи, прашањата на човековата слобода или целиот иден развој на општеството, преговорите не обезбедуваат начин за постигнување заемно прифатливо решение. За некои основни прашања не треба да има компромис. Само поместувањето на односот на моќта во корист на демократите може адекватно да ги заштити основните теми што се доведени под прашање. Такво поместување може да се случи преку борба, а не преку преговори. Тоа не значи дека никогаш не треба да се користат преговори. Поентата овде е дека преговорите не се реален начин за да се отстрани силната диктатура во отсуство на моќна демократска опозиција.

Преговорите, се разбира, можеби воопшто не се опција. Цврсто утврдените диктатори што се чувствуваат безбедно на нивната позиција можат да одбијат преговори со нивните демократски противници. Или, кога ќе започнат преговорите, демократските проговарачи може да исчезнат и повеќе да не се чуе ништо за нив.

## Преговори за предавање?

Поединците и групите што ѝ се противствуваат на диктатурата и им даваат предност на преговорите, често ќе имаат добри мотиви за тоа. Разбирливо е дека луѓето од која било политичка ориентација би сакале мир, особено кога вооружената борба против бруталната диктатура трае со години без да се постигне конечна победа. Многу е веројатно дека преговорите ќе станат тема за размислување меѓу демократите онаму каде што диктаторите имаат видлива воена супериорност и повеќе не можат да се издржат уништувањата и жртвите во своите редови. Тогаш ќе бидат во големо искушение да истражат некој друг пат што може да спаси дел од демократските цели, а во исто време да им стави крај на насилствата и контранасилствата.

Се разбира дека понудата на диктатурата да се дојде до „мир“ по пат на преговори со демократската опозиција е многу подмолна. Диктаторите можат и самите веднаш да го запрат насилството, кога само би престанале да водат војна против сопствениот народ. Тие би можеле на своја иницијатива и без никакво пазарење да го обноват почитувањето на достоинството и правата на човекот, да ги ослободат политичките затвореници, да ја запрат тортурата, да ги прекинат воените операции, да се повлечат од владата и да му се извинат на народот.

Кога диктатурата е силна, но постои и иритирачки отпор, диктаторите може да посакаат да преговараат за предавање на опозицијата под изговор на склопување „мир“. Повикот за преговори може да звучи привлечно, но во собата за преговори може да демнат големи опасности.

Од друга страна, кога опозицијата е извонредно силна и диктатурата е навистина загрозена, диктаторите може да побараат преговори со цел да спасат колку што може поголем дел од контролата и од богатството. Во ниеден случај демократите не треба да им помогнат на диктаторите да ги постигнат своите цели.

Демократите треба да се свесни за замките што може намерно да се вградени во преговарачкиот процес од страна на

диктаторите. Повикот на преговори за основните прашања на политичките слободи може да биде обид на диктаторите да ги натераат демократите мирно да се предадат, а насилството на диктатурата да продолжи. Во таквите видови судири, преговорите може да имаат соодветна улога само на крајот на пресудната битка во која моќта на диктаторите е фактички уништена и тие бараат безбеден премин до меѓународен аеродром.

## Моќта и правдата во преговорите

Ако овој суд звучи како прегруб коментар за преговорите, можеби треба да се објасни дел од романтизмот поврзан со нив. Треба да се биде начисто со тоа како функционираат преговорите.

„Преговарањето" не значи дека двете страни ќе седнат заедно како еднакви и преку разговор ќе ги испеглаат разликите што го произвеле судирот меѓу нив. Мора да се запомнат два факта. Прво, содржината на постигнатиот договор во преговорите не зависи од релативната правда на противставените погледи и цели. Второ, содржината на постигнатиот договор главно зависи од големината на моќта на секоја од преговарачките страни.

Мора да се земат предвид неколку тешки прашања. Што ќе може секоја страна подоцна да направи за да ги постигне своите цели, ако со другата страна не успее да дојде до договор на преговарачката маса? Што може да стори која било од страните доколку, откако се постигне договор, другата страна го погази зборот и ги употреби расположливите сили за да ги постигне целите и покрај договорот?

При преговори не се доаѓа до решение преку процена на исправноста или погрешноста на спорните прашања. Иако за нив може многу да се дискутира, вистинските резултати во преговорите доаѓаат од процената на апсолутната и на релативната моќ на групите што преговараат. Што можат да направат демократите за да се осигурат дека нивните минимални барања не може да бидат одбиени? Што можат диктаторите да направат за да ја зачуваат контролата и да ги неутрализираат демократите? Со други зборови, ако се дојде

до договор, поверојатно е дека тоа ќе биде резултат на фактот што секоја страна споредбено ги проценила капацитетите на моќта и потоа пресметала како би можела да заврши борбата.

Мора да се обрне внимание на тоа од што е подготвена да се откаже секоја од страните со цел да се постигне договор. Во успешните преговори има компромис, подеднакво попуштање. Секоја страна добива дел од она што го сака и се откажува од дел од своите цели.

Кога се работи за екстремни диктатури, што е она од што треба да се откажат продемократските сили и да им го препуштат на диктаторите? Кои од целите на диктаторите треба да бидат прифатени од страна на продемократските сили? Дали треба демократите да им дадат на диктаторите (без разлика дали се работи за политичка партија или за воена клика) трајна, со устав уредена улога во идната влада? Каде е тука демократијата?

Дури и ако претпоставиме дека сѐ ќе помине добро во преговорите, неопходно е да се праша: Каков вид мир ќе биде постигнат? Дали животот тогаш ќе биде подобар или полош отколку што би бил кога демократите би почнале или продолжиле да се борат?

## **„Попустливи“ диктатори**

Диктаторите можат да имаат најразлични мотиви и цели врз кои се заснова нивната доминација: моќ, позиција, богатство, преобликување на општеството и слично. Треба да се запомни дека ништо од тоа нема да постигнат ако ја напуштат управувачката позиција. Во случај на преговори, диктаторите ќе се обидат да ги заштитат своите цели.

Какви и да биле понудените ветувања од страна на диктаторите во постигнатите договори, никој не смее да заборави дека тие се во состојба да ветат што и да е за да обезбедат покорност од страна на нивните демократски противници, а потоа бесрамно да ги погазат договорите.

Ако демократите се согласат да го сопрат отпорот со цел да здивнат од репресијата, може да се случи да бидат многу разочарани. Сопирањето на отпорот ретко донесува намалување на репресијата. Штом се отстрани ограничувачкото дејство на внатрешната и на меѓународната опозиција, диктаторите можат да применат уште побрутално угнетување и насилство од претходно. Со распадот на народниот отпор, често се отстранува силата што дејствувала како противтежа и ја ограничувала контролата и бруталноста на диктатурата. Тираните потоа можат да тргнат против кого било. „Зашто тиранот може да ни го направи само она на кое немаме сила да му се противставиме", напишал Кришналал Шридарани.[5]

За да се случи промена кога има судири поради фундаментални прашања, есенцијален е отпорот, а не преговорите. Речиси во сите случаи отпорот мора да продолжи за да се тргнат од власт диктаторите. Успехот најчесто е условен не од постигнувањето договор преку преговори, туку од мудрата употреба на најсоодветните и најмоќните средства на отпор што се достапни. Нашиот став, кој подоцна ќе биде образложен подетално, е дека политичкиот пркос, или ненасилната борба, е најмоќното средство што им е на располагање на оние што се борат за слобода.

### Каков вид мир?

Ако воопшто треба диктаторите и демократите да разговараат за мир, потребно е крајно трезвено размислување поради опасностите што се вклучени во тоа. Не е секој што го користи зборот „мир" желен за мир со слобода и правда. Покорувањето на суровото угнетување и пасивното препуштање на безмилосните диктатори што извршиле ѕверства врз стотици илјади луѓе, не е вистински мир. Хитлер често се залагал за мир, но под тоа мислел на покорување на неговата волја. Мирот на диктаторот честопати е само мир во затворот или во гробот.

[5] Krishnalal Shridharani, *War Without Violence: A Study of Gandhi's Method and its Accomplishment* (New York: Harcourt, Brace, 1939, и репринт New York and London: Garland Publishing, 1972), стр. 260.

Има и други опасности. Добронамерните преговарачи понекогаш ги побркуваат целите на преговарањето со самиот преговарачки процес. Понатаму, демократските преговарачи, или странските специјалисти за преговори што се прифатени да помогнат во преговорите, можат со еден удар да им дадат на диктаторите домашен и меѓународен легитимитет, кој дотогаш им бил негиран поради нивното узурпирање на државата, нарушувањата на човековите права и бруталностите. Без тој очајно потребен легитимитет, диктаторите не можат да владеат бескрајно. Експонентите на мирот не треба да им го обезбедат тој легитимитет.

## Причини за надеж

Како што веќе беше кажано порано, лидерите на опозицијата може да се чувствуваат присилени да влезат во преговори од чувството дека борбата за демократија е безнадежна. Сепак, тоа чувство на безнадежност може да се смени. Диктатурите не се постојани. Луѓето што живеат под диктатури не мора да останат слаби, а на диктаторите не треба да им се дозволи да останат моќни бесконечно. Многу одамна Аристотел забележал: „...Олигархијата и тиранијата се пократковечни од кое било друго државно уредување... Тираниите никаде не траеле долго“[6]. Модерните диктатури се исто така ранливи. Нивните слабости можат да се зголемат, а моќта на диктаторите може да се дезинтегрира. (Во четвртата глава подетално ќе ги истражиме овие слабости.)

Поновата историја ја покажува ранливоста на диктатурите и ни открива дека тие може да се урнат за релативно краток временски рок: додека за соборувањето на комунистичката диктатура беа потребни десет години – 1980–1990, во Источна Германија и Чехословачка во 1989 година тоа се случи за неколку недели. Во Ел Салвадор и во Гватемала во 1944 година борбите против вкопаните брутални воени диктатури траеја приближно по две недели секоја. Воено моќниот режим на

[6] Aristotle, *The Politics*, преведено од T.A. Sinclair (Harmondsworth, Middlesex, England and Baltimore, Maryland: Penguin Books 1976 [1962]), Книга V, Глава 12, стр. 231 и 232.

Шахот во Иран беше поткопан за само неколку месеци. Диктатурата на Маркос на Филипини падна пред моќта на народот за само неколку недели во 1986: кога силата на опозицијата стана очигледна, владата на Соединетите Американски Држави брзо го напушти претседателот Маркос. Обидот за државен удар на припадниците на цврстата линија во Советскиот Сојуз во август 1991 година беше блокиран за неколку дена со помош на политички пркос. Понатаму, многу од државите што биле долго под советска доминација, за само неколку денови, недели и месеци си ја повратија независноста.

Јасно е дека старата претпоставка дека насилните средства секогаш дејствуваат брзо, а за ненасилните средства секогаш треба премногу време, не важи. Иако може да треба многу време за да се смени основната ситуација и општеството, самата ненасилна борба против диктатурата понекогаш се случува релативно брзо.

Преговорите не се единствена алтернатива на војувањето до уништување, од една страна, и на капитулацијата, од друга. Тукушто наведените примери, како и оние што беа наведени во првата глава, покажуваат дека за оние што сакаат и мир и слобода постои друга опција: политичкиот пркос.

3

# ОД КАДЕ ПРОИЗЛЕГУВА МОЌТА?

Се разбира дека не е едноставно да се достигне општество во кое има и мир и слобода. За тоа е потребна голема стратегиска вештина, организација и планирање. Најмногу од сè, ќе биде потребна моќ. Демократите не можат да се надеваат дека ќе ја урнат диктатурата и ќе воспостават политичка слобода доколку не се способни ефикасно да ја користат својата моќ.

Но, како е можно тоа? Каков вид моќ може да мобилизира демократската опозиција, која би била доволна за да се уништи диктатурата и нејзината огромна воена и полициска мрежа? Одговорите лежат во едно често игнорирано разбирање на политичката моќ. Доаѓањето до овој увид не е особено тешка задача. Некои основни вистини се прилично едноставни.

**Приказната „Господарот на мајмуните“**

Кинеската парабола од четиринаесеттиот век чиј автор е Лиу Џи, на пример, многу добро го потенцира ова запоставено разбирање на политичката моќ[7]:

> „Во феудалната држава Чу, еден старец преживувал благодарение на тоа што за него работеле мајмуни. Народот на Чу го нарекувал 'Џу гонг' (господар на мајмуните).
>
> Секое утро, старецот ги собирал мајмуните во неговиот двор и му заповедал на најстариот да ги поведе другите во планините за да собираат овошки од грмушките и дрвјата. Правилото било дека секој

[7] Оваа приказна, со оригинален наслов „Владеење со трикови“, е напишана од Ју-ли-зи, Лиу Џи (1311-1375), а ја превел Сидни Таи. Сите права се заштитени. Ју-ли-зи е псевдоним на Лиу Џи. Преводот прво беше објавен во *Nonviolent Sanctions: News from the Albert Einstein Institution* (Cambridge, Mass.), Vol. IV, No. 3 (Winter 1992-1993), стр. 3.

мајмун мора да му даде на старецот една десеттина од собраното. Оние што нема да направеле така биле безмилосно тепани. Сите мајмуни многу страдале, но не се осмелувале да се пожалат.

Еден ден едно мајмунче ги прашало другите мајмуни: 'Дали старецот ги засадил сите овошни дрвја и грмушки?' Другите рекле: 'Не, сами си никнале'. Мајмунчето потоа ги прашало: 'Можеме ли да ги собираме плодовите без дозвола од старецот?' Другите одговориле: 'Да, можеме'. Мајмунчето продолжило: 'Тогаш, зошто треба да зависиме од старецот; зошто мораме да му служиме?'

Уште пред мајмунчето да заврши со реченицата, сите мајмуни одеднаш се просветлиле и се разбудиле.

Уште истата ноќ, кога виделе дека старецот заспал, мајмуните ги турнале сите барикади во шталата во која биле затворени и целосно ја урнале. Исто така, сето овошје што старецот го имал складирано го зеле со себе во шумата и никогаш повеќе не се вратиле. На крајот, старецот умрел од глад".

Ју-ли-зи вели: „Некои луѓе во светот владеат со нивниот народ со помош на трикови, а не со праведни принципи. Не се ли тие исти како господарот на мајмуните? Не се свесни за нивната поматеност. Штом се просветли нивниот народ, нивните трикови веќе не функционираат".

### Неопходни извори на политичка моќ

Принципот е едноставен. На диктаторите им е потребна помош од народот со кој владеат, без која тие не можат да ги обезбедат и да ги одржуваат изворите на политичка моќ. Во извори на политичка моќ спаѓаат:

- *авторитет*, уверeноста на луѓето дека режимот е легитимен и дека имаат морална обврска да му се покоруваат;

- *човечки ресурси*, бројноста и важноста на лицата и на групите што се покоруваат, соработуваат или им помагаат на владетелите;
- *вештини и знаење*, кои му се потребни на режимот за да извршува специфични активности, а му се обезбедуваат од страна на лицата и групите што соработуваат;
- *нематеријални фактори*, психолошки и идеолошки фактори што можат да ги наведат луѓето да им се покорат и да им помагаат на владетелите;
- *материјални ресурси*, степенот до кој владетелите имаат контрола или пристап до имотот, природните и финансиските ресурси, економскиот систем и до средствата за комуникација и транспорт; и
- *санкции*, казни, најавени или применети, за непослушните и за оние што не сакаат да соработуваат, за да се осигури покорност и соработка, кои му се потребни на режимот за да постои и да ги извршува своите политики.

Меѓутоа, сите овие извори зависат од прифатеноста на режимот, од покорноста и послушноста на населението и од соработката на неброените луѓе и многуте општествени институции. А тие не се загарантирани.

Целосната соработка, послушност и поддршка ќе ја зголемат достапноста на потребните извори на моќ и, следствено, моќта на која било влада.

Од друга страна, откажувањето на народната и институционалната соработка со агресорите и диктаторите ја намалува, а може и да ја прекине, достапноста до овие извори од кои зависат сите владетели. Без пристап до тие извори, моќта на владетелот слабее и на крајот исчезнува.

Нормално, диктаторите се чувствителни на акциите и идеите што му се закануваат на нивниот капацитет да прават што сакаат. Затоа, веројатно е дека диктаторите ќе им се закануваат и ќе ги казнуваaат оние што не се послушни, што штрајкуваат или што не соработуваат. Како и да е, тоа

не е крај на приказната. Репресијата, дури и бруталностите не резултираат секогаш со повторно воспоставување на степенот на покорност и соработка потребен за да може режимот да функционира.

Ако е можно, и покрај репресијата, изворите на моќ да бидат доволно долго ограничени или прекинати, првичните резултати може да бидат несигурност и конфузија во рамките на диктатурата. Веројатно е дека ова ќе биде проследено со видливо заслабување на моќта на диктатурата. Со текот на времето, блокирањето на изворите на моќ може да предизвика парализа и немоќ на режимот, а во тешки случаи, негова дезинтеграција. Моќта на диктаторот ќе умре, бавно или брзо, од политичка прегладнетост.

Значи, степенот на слобода или тиранија во која било влада, во голема мера е одраз на релативната решеност на поданиците да бидат слободни и на нивната подготвеност и способност да им се противстават на напорите за нивно поробување.

Спротивно на општото мислење, дури и тоталитарните диктатури зависат од населението и од општествата со кои владеат. Како што забележал политикологот Карл В. Дојч во 1953:

> „Тоталитарната моќ е силна само ако не мора пречесто да биде користена. Ако тоталитарната моќ мора да се користи постојано и врз целото население, малку е веројатно дека долго ќе остане моќна. На тоталитарните режими им треба повеќе моќ за да се справат со своите поданици отколку на другите видови владеење. Поради тоа, таквите режими имаат поголема потреба од масовна и сигурна попустливост на нивниот народ; згора на тоа, во случај на потреба мора да бидат во можност да сметаат на активна поддршка од помалку значајните делови на населението“.[8]

[8] Karl W. Deutsch, "Cracks in the Monolith", во Carl J. Friedrich, ed., *Totalitarianism* (Cambridge, Mass.: Harvard University Press, 1954), стр. 313-314.

Англискиот теоретичар на правото од деветнаесеттиот век Џон Остин ја опишал ситуација во која диктатурата се конфронтира со незадоволниот народ. Остин тврди дека ако поголемиот дел од населението е решено да ја уништи владата и е подготвено за тоа да ги истрпи репресиите, тогаш владината моќ, вклучувајќи ги и оние што ја поддржувале, не може да ја одржи омразената власт, дури и ако примила странска помош. Пркосните луѓе не може да се присилат на повторно трајно покорување и послушност, заклучува Остин.[9]

Николо Макијавели многу порано тврдел дека владетелот „...што за непријател ја има целата јавност, никогаш не може да се обезбеди; и колку е поголема неговата суровост, толку послаб станува неговиот режим“[10].

Практична политичка примена на овие сознанија демонстрираа херојските припадници на норвешкиот отпор против нацистичката окупација и, како што е наведено во првата глава, храбрите Полјаци, Германци, Словаци, како и многу други што ѝ се противставија на комунистичката агресија и диктатура и на крајот помогнаа да дојде до колапс на комунистичкото владеење во Европа. Ова, секако, не е нов феномен: случаи на ненасилен отпор има дури во 494 пр. н.е., кога плебејците престанале да соработуваат со нивните господари, римските патриции[11]. Ненасилната борба е користена во голем број случаи од народи во Азија, Африка, Америка, Австралија и на пацифичките острови, како и во Европа.

Според тоа, трите најважни фактори што определуваат до кој степен владината моќ ќе биде контролирана или неконтролирана се: (1) релативната *желба* на населението да постави граници на моќта на владата; (2) релативната *сила* на независните организации и институции на поданиците

[9] John Austin, *Lectures on Jurisprudence or the Philosophy of Positive Law* (Fifth edition, revised and edited by Robert Campbell, 2 vols., London: John Murray, 1911 [1861]), том I, стр. 296.

[10] Niccolo Machiavelli, "*The Discourses on the First Ten Books of Livy,*" во The Discourses of Niccolo Machiavelli (London: Routledge and Kegan Paul, 1950), том I, стр. 254.

[11] Види Gene Sharp, *The Politics of Nonviolent Action* (Boston: Porter Sargent, 1973), стр. 75 и на други места за други историски примери.

колективно да ги блокираат изворите на моќ; и (3) релативната *способност* на населението да ја повлече својата согласност и помош.

### Центри на демократска моќ

Една од карактеристиките на демократското општество е постоењето мноштво невладини групи и институции што се независни од државата. Тука спаѓаат, на пример, семејствата, верските организации, културните асоцијации, спортските клубови, економските институции, синдикатите, студентските здруженија, политичките партии, селата, месните заедници, организациите за човекови права, музичките групи, литературните здруженија и други. Овие тела се значајни затоа што им служат на сопствените цели, но и за задоволување на општествените потреби.

Освен тоа, овие тела имаат големо политичко значење. Тие обезбедуваат групна и институционална основа преку која народот може да влијае врз насоките на нивното општество и да се противстават на други групи или на владата, кога овие неправедно ги нарушуваат нивните интереси, активности или намени. Изолираните поединци, кои не се членови на такви групи, обично не се во состојба да имаат значително влијание врз остатокот од општеството, уште помалку врз владата, а секако не врз некоја диктатура.

Значи, ако диктаторите можат да им ја одземат автономијата и слободата на таквите тела, населението ќе биде релативно беспомошно. Исто така, ако тие институции бидат ставени под диктаторска контрола на централниот режим или заменети со нови, контролирани, тогаш можат да бидат користени за да доминираат и врз одделните членови и врз тие делови од општеството.

Сепак, доколку се зачуваат илиповратат автономијата и слободата на овие независни граѓански институции (надвор од владина контрола), тие ќе бидат многу важни во спроведувањето на политичкиот пркос. Заедничка одлика на наведените примери во кои диктатурите биле растурени или

ослабени беше храброто масовно прибегнување кон политички пркос од страна на населението и неговите институции.

Како што веќе беше кажано, овие центри на моќ ја обезбедуваат институционалната основа од која населението може да изврши притисок или да даде отпор на контролата на диктатурата. Во иднина тие ќе бидат дел од неизоставната структурна основа за слободно општество. Затоа, нивната постојана независност и раст често се предуслов за успехот на борбата за слобода.

Ако диктатурата успеала во голема мера да ги уништи или да ги стави под контрола независните тела на општеството, за припадниците на отпорот ќе биде битно да создадат нови независни општествени групи и институции или да ја вратат демократската контрола врз преостанатите или делумно контролираните тела. За време на Унгарската револуција од 1956-1957 се појавија мноштво совети на непосредна демократија, дури и се споија меѓу себе за да формираат, за неколку недели, цел федеративен систем со институции и управување. Во Полска, во доцните осумдесетти, работниците организираа илегални синдикати Солидарност, а во некои случаи ја презедоа контролата врз официјалните синдиктати, доминирани од комунистите. Таквите институционални текови можат да имаат многу важни политички последици.

Се разбира, ништо од ова не значи дека ослабувањето и уништувањето на диктатурите е лесно, ниту дека секој обид ќе биде успешен. Секако не значи дека борбата ќе биде без жртви, затоа што оние што сè уште му служат на диктаторот најверојатно ќе возвратат настојувајќи да го присилат населението да продолжи со соработката и со покорноста.

*Гледиштето за моќта објаснето погоре значи дека сепак е возможно планско уривање на диктатурата.* Особено диктатурите имаат специфични карактеристики кои ги прават чувствителни на вешто спроведениот политички пркос. Да ги истражиме овие карактеристики подетално.

# 4

# ДИКТАТУРИТЕ ИМААТ СЛАБОСТИ

Диктатурите често изгледаат неранливо. Разузнавачките агенции, полицијата, вооружените сили, затворите, концентрационите логори и одредите за егзекуција се контролирани од неколкумина моќници. Често се случува диктаторите самоволно да ги пустошат финансиите, природните ресурси и производните капацитети на земјата и да ги користат за поддршка на сопствената волја.

За споредба, силите на демократската опозиција често изгледаат екстремно слаби, неефикасни и немоќни. Таквата перцепција за неповредливост наспроти немоќност ја прави ефективната опозиција малку веројатна.

Сепак, тоа не е целата приказна.

**Идентификување на Ахиловата петица**

Еден мит од класична Грција добро ја илустрира повредливоста на навидум неповредливите. Ниеден удар не можел да го повреди воинот Ахил, ниту кој било меч можел да му ја пробие кожата. Уште кога бил бебе, мајка му, наводно, го потопила во водите на волшебната река Стикс, со што го заштитила неговото тело од сите опасности. Сепак, постоел еден проблем. Мајка му го држела Ахил за петицата за да не го однесе реката и волшебната вода не го покрила тој мал дел од неговото тело. Кога пораснал Ахил, на сите им се чинело дека оружјето на неговите непријатели не може да го повреди. Меѓутоа, во битката против Троја еден непријателски војник, поучен од некој што му ја знаел слабоста, ја вперил стрелата во незаштитената Ахилова петица, единственото место на кое можел да биде повреден. Погодокот бил смртоносен. И денес фразата „Ахилова петица“ се однесува на најранливото место на некој човек, план или институција, кое не може да се заштити од напад.

Истиот принцип важи и за суровите диктатури. Тие, исто така, можат да бидат победени, но најбрзо и по најниска цена ако се идентификуваат нивните слабости и ако нападот се концентрира врз нив.

**Слабости на диктатурите**

Меѓу слабостите на диктатурите се и следниве:

1. Соработката на мноштво луѓе, групи и институции потребна за да функционира системот може да биде ограничена или оневозможена.
2. Барањата и ефектите од поранешните режимски политики донекаде ќе ја ограничат неговата сегашна способност да усвојува и да имплементира противречни политики.
3. Системот може да почне да функционира рутински, што прави да не е во состојба брзо да се адаптира на нови ситуации.
4. Кадрите и ресурсите што веќе се распоредени на постојни задачи, нема да бидат лесно достапни за нови потреби.
5. Потчинетите што се плашат да не ги разочараат своите претпоставени, може да не доставуваат точни и целосни информации, кои им се потребни на диктаторите за да носат одлуки.
6. Идеологијата може да еродира, а митовите и симболите на системот стануваат нестабилни.
7. Ако е силна идеологијата што влијае на човековиот поглед врз реалноста, цврстото држење до неа може да предизвика недоволно внимание за вистинските состојби и потреби.
8. Опаѓањето на ефикасноста и компетентноста на бирократијата, или претераните контроли и регулативи, можат да ги направат политиките и операциите на системот неефективни.

9. Внатрешните институционални конфликти и личните ривалства и непријателства можат да му наштетат, па дури и да го нарушат функционирањето на диктатурата.

10. Интелектуалците и студентите може да станат незадоволни како одговор на условите, ограничувањата, доктринарноста и репресијата.

11. Со текот на времето, општата јавност може да стане апатична, скептична, па дури и непријателска спрема режимот.

12. Регионалните, класните, културните или националните несогласувања може да се заострат.

13. Хиерархијата на моќта на диктатурата секогаш е нестабилна до определен степен, а повремено и крајно нестабилна. Поединците не остануваат на истиот ранг, туку одат на повисоки или на пониски позиции, или се сосема отстранети и заменети со нови лица.

14. Делови од полицијата или од војската може да дејствуваат во насока на остварување на нивните цели, дури и против волјата на етаблираните диктатори, вклучувајќи тука и државен удар.

15. На новата диктатура ѝ е потребно време за добро да се зацврсти.

16. Веројатно е да се појават грешки во расудувањето, политиките и активностите, затоа што во диктатурите многу мал број луѓе носат голем број одлуки.

17. Ако режимот настојува да ги избегне овие опасности и ја децентрализира контролата во носењето одлуки, може дополнително да еродира неговата контрола врз централните полуги на моќта.

### Напад врз слабите точки на диктатурата

Кога се познати ваквите инхерентни слабости, демократската опозиција може да се потруди намерно да ги влоши овие „Ахилови петици“ со цел драстично да го смени или да го разбие системот.

Заклучокот е, значи, јасен: и покрај привидната сила, сите диктатури имаат слабости, внатрешни неефикасности, лични ривалства, институционална неефикасност и конфликти меѓу организации и оддели. Овие слабости, со текот на времето, го прават режимот помалку ефективен и поранлив при измена на состојбите и обмислен отпор. Нема да се спроведе сѐ што режимот намислил да спроведе. На пример, дури и некои Хитлерови директни наредби никогаш не биле извршени, бидејќи оние под него во хиерархијата одбиле да ги извршат. Дури, се случува и диктаторскиот режим набрзина да се распадне, како што веќе утврдивме.

Ова не значи дека диктатурите можат да бидат уништени без ризици и жртви. Секој можен пат кон ослободување ќе вклучува ризици и потенцијално страдање, а ќе бара и определено време. И, секако, ниедно средство за акција не може да осигури брз успех во секоја ситуација. Како и да е, видовите борба што ги напаѓаат препознатливите слабости имаат поголема шанса за успех отколку оние што се обидуваат да ја нападнат диктатурата онаму каде што е очигледно најсилна. Прашањето гласи: како треба да се води оваа борба?

# 5

## КОРИСТЕЊЕ НА МОЌТА

Во првата глава напомнавме дека вооружениот отпор против диктатурите не ги напаѓа онаму каде што се најслаби, туку онаму каде што се најсилни. Избирајќи да си ги одмерат силите во областа на вооружените сили, снабдувањето и муницијата, технологијата на вооружувањето и слично, движењата на отпорот се ставаат себеси во изразено неповолна состојба. Диктатурите речиси секогаш ќе можат да соберат надмоќни средства во таа област. Исто така, беа подвлечени опасностите од потпирањето врз странските сили за спас. Во втората глава ги истраживме проблемите од потпирањето врз преговорите како средство за отстранување на диктатурите.

Тогаш, кои средства се сѐ уште на располагање, кои ќе му понудат на демократскиот отпор изразита предност и ќе придонесат за влошување на слабостите на диктатурите? Која техника на дејствување ќе извлече корист од теоријата за политичка моќ, за која зборувавме во третата глава? Изборот е политичкиот пркос.

Политичкиот пркос ги има следниве карактеристики:

- Не прифаќа дека до решение ќе се дојде со средствата за борба избрани од страна на диктатурата.
- На режимот му е тешко да се бори против тоа.
- Може изразито да ги зголеми слабостите на диктатурата и да ги прекине нејзините извори на моќ.
- На дело може да биде нашироко распрснат, но, исто така, може да се концентрира на некоја определена цел.
- Води кон грешки во расудувањето и дејствувањето на диктаторите. Во борбата за крај на бруталната доминација на неколкумина, може ефективно да го користи населението како целина, но и групите и институциите во општеството.

- Помага пошироко да се распредели моќта во општеството, правејќи го воспоставувањето и одржувањето на демократското општество уште повозможно.

**Дејствувањето на ненасилната борба**

Како и воените сили, политичкиот пркос може да се употреби за разни намени, какви што се напорите да се влијае врз противниците да преземат разни активности, да се создадат услови за мирна разрешница на некој конфликт или да се уништи режимот на противникот. Како и да е, политичкиот пркос функционира на многу поинаков начин од насилството. Иако и двете техники се начини за водење борба, тие го прават тоа со многу различни средства и со различни последици. Начините и резултатите од насилниот конфликт се добро познати. Физичките оружја се користат за заплашување, повредување, убивање и уништување.

Ненасилната борба е многу покомплексна и поразнолика од насилната. Таа се води со психолошки, социјални, економски и политички оружја употребени од страна на населението и на институциите на општеството. Овие оружја се познати под различни имиња, како протести, штрајкови, несоработка, бојкоти, нелојалност и моќ на народот. Како што беше спомнато порано, сите влади можат да владеат сè додека им се полнат потребните извори на моќ со соработка, покорност и послушност од страна на населението и на институциите на општеството. Политичкиот пркос, за разлика од насилството, е особено погоден за затворање на тие извори на моќ.

**Ненасилни оружја и дисциплина**

Вообичаена грешка на минатите импровизирани кампањи на политички пркос е потпирањето само на еден или два метода, какви што се штрајковите и масовните демонстрации. Всушност, постојат мноштво методи кои им овозможуваат на стратезите на отпорот да го концентрираат или да го дисперзираат отпорот според потребите.

Идентификувани се околу двесте специфични методи за ненасилна акција, а сигурно постојат уште многу други. Овие методи се класифицирани во три широки категории: протест и убедување, несоработка и интервенција. Методите на ненасилниот протест и убедување се, во најголема мера, симболични демонстрации, вклучувајќи паради, маршеви и бдеења (54 методи). Несоработката е поделена во три поткатегории: (а) општествена несоработка (16 методи); (б) економска несоработка, вклучувајќи бојкоти (26 методи) и штрајкови (23 методи); и (в) политичка несоработка (38 методи). Ненасилната интервенција, со психолошки, физички, општествени, економски или политички средства, каква што е брзата, ненасилна окупација и паралелната влада (41 метод), е последната група. Во прилогот кон оваа публикација, вклучена е листа на 198 од овие методи.

Користењето значителен број од овие методи – внимателно одбрани, употребувани истрајно и во голем размер, во контекст на мудра стратегија и соодветни тактики, од страна на обучени граѓани – веројатно ќе му предизвика тешки проблеми на секој нелегитимен режим. Ова се однесува на сите диктатури.

Спротивно на воените средства, методите на ненасилната борба можат да се фокусираат директно на спорните прашања. На пример, поаѓајќи од тоа дека прашањето на диктатурата е примарно политичко, круцијални би биле политичките форми на ненасилна борба. Тука се вклучени негирањето на легитимитетот на диктаторите и несоработката со нивниот режим. Несоработката, исто така, би се користела против конкретни политики. Понекогаш може тивко, па дури и тајно да се користи предизвикување застој и одолговлекување, додека во други ситуации отворената непослушност и јавните демонстрации на пркос можат да бидат видливи за сите.

Од друга страна, ако е диктатурата ранлива на економските притисоци, или најголемото незадоволство од неа е економското, тогаш економските акции, како бојкоти и штрајкови, се најсоодветните методи на отпорот. На напорите на диктаторите да ја искористат економската моќ, може да се одговори со ограничени генерални штрајкови, забавена

работа и одбивање соработка (или целосно повлекување) на стручњаците. Селективната употреба на различни типови штрајкови може да се спроведе во клучните точки на производството, во транспортот, во снабдувањето со суровини и во дистрибуцијата на производи.

Некои методи на ненасилна борба бараат од луѓето постапки што не се поврзани со нивниот вообичаен начин на живот, какви што се делењето летоци, работењето во нелегална печатница, штрајкот со глад или седењето на улица. Овие методи можеби се тешки за некои луѓе, освен во екстремни ситуации.

Некои други методи на ненасилна борба, пак, од луѓето бараат да продолжат со нормален живот, но со мали измени. На пример, луѓето може да отидат на работа наместо да штрајкуваат, но тогаш намерно да работат побавно или помалку ефективно од вообичаеното. Свесно може почесто да се прават „грешки“. Одвреме-навреме луѓето може да се „разболат“ и да „не се способни“ да работат. Или, едноставно, може да одбијат да работат. Можат да одат на богослужба, кога тој чин изразува не само верски туку и политички убедувања. Можат да ги заштитат своите деца од противничката пропаганда образовајќи ги дома или во илегални училишта. Може да одбијат зачленување во определени „препорачани“ или наметнати организации, во кои не би се зачлениле порано по свој избор. Сличноста на таквиот вид акции со вообичаените активности и ограничениот степен на напуштање на нормалниот живот може на многу луѓе да им го олесни учеството во борбата за национално ослободување.

Дури и ограниченото насилство на отпорот за време на кампања на пркос ќе биде контрапродуктивно, зашто ненасилната борба и насилството функционираат на фундаментално различни начини, па тоа ќе ја претвори борбата во таква во која диктаторите имаат огромна надмоќ (воени дејства). Дисциплинираното ненасилство е клучно за успехот и мора да се одржува и покрај провокациите и бруталностите на диктаторите и на нивните агенти.

Одржувањето на дисциплината на ненасилството наспроти агресивните противници го олеснува функционирањето на четирите механизми на промената во ненасилната борба (за нив ќе се дискутира подолу). Дисциплинираното ненасилство е исто така екстремно важно за процесот на политичко џиу-џицу. Во овој процес, отворената бруталност на режимот против очигледно ненасилните активисти се одразува политички негативно на позицијата на диктаторот, предизвикувајќи незадоволство во неговите редови, како и ширење на поддршката за членовите на отпорот меѓу населението, вообичаените поддржувачи на режимот и третите страни.

Меѓутоа, во некои случаи ограниченото насилство против диктатурата може да е незибежно. Фрустрираноста и омразата спрема режимот можат да експлодираат во насилство. Или, некои групи може да не сакаат да ги напуштат насилните средства, иако ја признаваат важната улога на ненасилната борба. Во тие случаи не мора да се напушти политичкиот пркос. Сепак, ќе биде потребно насилната акција да се оддели колку што е можно повеќе од ненасилната акција. Ова треба да се направи во смисла на географијата, групата население, времето и темата. Во спротивно, насилството ќе има погубен ефект врз потенцијално многу помоќната и поуспешна употреба на политички пркос.

Историските записи посочуваат дека, иако при политичкиот пркос мора да се очекуваат загуби, бројот на мртвите и ранетите ќе биде далеку помал од жртвите при воените дејства. Овој тип борба не придонесува кон бескрајниот циклус на убивања и бруталност.

Ненасилната борба во исто време и налага и предизвикува исчезнување (или подобро контролирање) на стравот од владата и од нејзината насилна репресија. Престанокот или контролата на стравот е клучен елемент во уништувањето на моќта на диктаторите врз населението.

**Отвореност, тајност и високи стандарди**

Тајноста, лукавството и големата конспирација се многу тешки проблеми за движењето кое користи ненасилна акција. Често е невозможно да се спречи политичката полиција и агентите на разузнавањето да не дознаат за намерите и плановите. Од гледна точка на движењето, тајноста не само што има корени во стравот, туку и го засилува, со што спласнува духот на отпорот и се намалува бројот на луѓето што можат да учествуваат во некоја акција. Исто така, придонесува за сомнежи и обвинувања, често неоправдани, за тоа кој е кодош или агент на противниците во рамки на движењето. Тајноста може, исто така, да влијае врз способноста на движењето да остане ненасилно. Спротивно на тоа, отвореноста во однос на намерите и плановите не само што ќе има спротивен ефект, туку и ќе придонесе за создавање слика дека движењето на отпорот, всушност, е многу моќно. Проблемот, се разбира, е многу покомплексен од тоа и може да има значајни аспекти од активностите на отпорот кои бараат тајност. Потребно е оние што ја познаваат динамиката на ненасилната борба и средствата за надзор на диктатурата да донесат процена заснована на информации.

Уредувањето, печатењето и дистрибуцијата на илегалните публикации, користењето илегални радиостаници во земјата и прибирањето податоци за операциите на диктатурата се меѓу посебните ограничени типови активности каде што е потребно високо ниво на тајност.

Одржувањето високи стандарди во однесувањето при ненасилната акција е неопходно во сите фази на конфликтот. Факторите како бестрашност и одржување дисциплина на ненасилство се секогаш потребни. Битно е да се запомни дека за постигнување извесни промени ќе биде потребен голем број луѓе. Меѓутоа, на такви бројки може да се смета само ако се одржат високите стандарди на движењето.

### Менување на односот на силите

Стратезите мора да имаат на ум дека конфликтот во кој се употребува политички пркос е бојно поле што постојано се менува, со постојана интеракција на потезите и противпотезите. Ништо не е статично. Односите на силите, апсолутните и релативните, се изложени на постојани и брзи промени. Ова го овозможуваат членовите на отпорот, останувајќи посветени на ненасилството и покрај репресијата.

Варијациите во моќта на сите противставени страни во овој тип конфликтна ситуација ќе бидат поизразени отколку во насилните конфликти, ќе се случуваат побрзо и ќе имаат поразновидни и политички значајни последици. Поради овие варијации, некои акции на членовите на отпорот најверојатно ќе имаат ефекти што ќе се одразат и многу пошироко од конкретното време и место во кое се случуваат. Овие ефекти повратно ќе ја засилат или ќе ја ослабат едната или другата група.

Освен тоа, ненасилната група може преку своите акции да влијае во голема мера врз зголемувањето или намалувањето на релативната сила на *противничката група*. На пример, дисциплинираниот и храбар ненасилен отпор против бруталните диктатори може да предизвика загриженост, незадоволство, колебање, а во екстремни случаи дури и бунт на војниците и на населението што го поддржуваат диктаторот. Овој отпор може, исто така, да предизвика зголемена меѓународна осуда на диктатурата. Понатаму, вештата, дициплинирана и упорна употреба на политички пркос може да резултира со сè поголемо учество во отпорот на луѓе што, инаку, својата премолчена поддршка би им ја дале на диктаторите или што, главно, остануваат неутрални во конфликтот.

### Четири механизми на промената

Ненасилната борба произведува промени на четири начини. Првиот механизам е најмалку веројатен, иако се има случувано. Кога членовите на противничката група се емоционално потресени од страдањата под репресијата што им е наметната

на храбрите членови на ненасилниот отпор, или кога ќе го прифатат рационалното убедување дека каузата на отпорот е исправна, може да се случи да ги прифатат целите на отпорот. Овој механизам се нарекува *преобратување*. Иако понекогаш има случаи на преобратување кон ненасилна акција, тие се ретки и во повеќето судири ова воопшто не се случува или барем не се случува во некој значаен размер.

Далеку почесто ненасилната борба функционира така што ги менува конфликтната ситуација и општеството, па противниците, едноставно, не можат да прават што сакаат. Токму оваа промена ги произведува другите три механизми: акомодација, ненасилна принуда и дезинтеграција. Кои од овие механизми ќе се случат зависи од степенот до кој апсолутната и релативната моќ се поместени во корист на демократите.

Ако не се работи за фундаментални прашања, ако барањата на опозицијата во ограничена кампања не се сметаат за закана и ако при борбата се променил односот на силите до определен степен, непосредниот судир може да се запре преку постигнување договор или компромис. Овој механизам е наречен *акомодација.* На овој начин се разрешуваат многу штрајкови, на пример, кога двете страни постигнуваат дел од своите цели, но ниедна не постигнува сѐ што сакала. Владата може во таква спогодба да види некои позитивни придобивки, какви што се: попуштање на тензијата, создавање впечаток на „исправност“ или подобрување на меѓународната слика за режимот. Затоа е важно да се посвети големо внимание при избирањето на прашањата за кои е прифатлива спогодба преку акомодација. Борбата за уривање на диктатурата не е едно од нив.

Ненасилната борба може да биде многу посилна отколку што покажуваат механизмите на преобратување и акомодација. Масовната несоработка и пркос можат толку да ги променат општествените и политичките состојби, особено односот на силите, што, всушност, им се одзема способноста на диктаторите да ги контролираат економските, општествените и политичките процеси на владеење и општеството. Воените сили на противникот може толку да се поколебаат

што, едноставно, веќе нема да ги слушаат наредбите за репресирање на членовите на отпорот. Иако лидерите на противниците остануваат на своите позиции и се држат до првобитните цели, одземена им е способноста ефикасно да дејствуваат. Тоа се вика *ненасилна присила.*

Во некои екстремни ситуации, состојбите што создаваат ненасилна присила дополнително се заоструваат. Раководството на противниците ја губи сета способност за дејствување и нивната структура на моќ колабира. Самостојноста, несоработката и пркосот на членовите на отпорот стануваат толку силни што противниците не можат да одржат ни привид дека ги контролираат. Бирократијата на противниците му одбива послушност на своето раководство. Полицијата и војската се побунуваат. Традиционалните поддржувачи на режимот и населението се откажуваат од поранешното раководство, одрекувајќи им какво било право да владеат. Така се губи нивната поранешна помош и послушност. Четвртиот механизам на промената, *дезинтеграцијата* на системот на противниците, е толку напреднат што тие немаат ни доволно моќ да се предадат. Режимот, едноставно, се распаѓа на делови.

Овие четири механизми треба да се имаат на ум при планирањето на стратегиите за ослободување. Понекогаш тие стапуваат во дејство сосема случајно. Како и да е, ако се избере еден или повеќе од нив како механизам на промената во некој конфликт, ќе може да се формулираат специфични стратегии што заемно ќе се подобруваат. Кој механизам (или механизми) треба да се одбере ќе зависи од многу фактори, вклучувајќи ги апсолутната и релативната моќ на противставените групи, како и ставовите и целите на групата што користи ненасилна борба.

## Демократизирачките ефекти од политичкиот пркос

Спротивно на централизирачките ефекти на насилните санкции, употребата на техниката за ненасилна борба придонесува на неколку начини за политичка демократизација на општеството.

Еден дел од демократизирачкиот ефект е негативен. Имено, спротивно на воените средства, оваа техника не ѝ дава можност на владејачката елита да воведе репресија против населението заради воведување или одржување на диктатурата. Лидерите на движењето на политичкиот пркос можат да влијаат и да вршат притисок врз своите следбеници, но не можат да ги затвораат или да ги стрелаат кога тие изразуваат несогласување или кога ќе одберат други лидери.

Другиот аспект на демократизирачкиот ефект е позитивен. Имено, ненасилната борба го снабдува населението со средства за отпор што можат да се користат за да се достигнат и одбранат слободите од постојните диктатори и оние што имаат намера тоа да станат. Подолу се неколку од позитивните демократизирачки ефекти што може да ги има ненасилната борба:

- Искуството стекнато при ненасилната борба може да резултира со поголема самоувереност на населението да им се противстави на заканите на режимот и на неговиот капацитет за насилна репресија.
- Ненасилната борба го снабдува населението со средства за несоработка и пркос, со кои може да ѝ се противстави на недемократската контрола врз нив од страна на која било диктаторска група.
- Ненасилната борба може да се користи за да се воведе практиката на демократските слободи, какви што се: слободниот говор, слободните медиуми, независните организации и слободното собирање во услови на репресивна контрола.
- Како што беше кажано претходно, ненасилната борба многу придонесува за опстанокот, преродбата и засилувањето на независните групи и институции во општеството, кои се битни за демократијата бидејќи нивните капацитети можат да ја мобилизираат моќта на населението и да ја ограничат ефективната моќ на кој било потенцијален диктатор.

- Средствата на ненасилната борба му овозможуваат на населението да ја употреби својата моќ против репресивните полициски и воени мерки на диктаторската власт.
- Ненасилната борба обезбедува методи со кои населението и независните институции можат, во интерес на демократијата, да ги ограничат или да ги прекинат изворите на моќ на владејачката елита, загрозувајќи го со тоа нејзиниот капацитет за доминација.

**Комплексноста на ненасилната борба**

Како што видовме од оваа дискусија, ненасилната борба е комплексна техника на општествена акција која вклучува мноштво методи, разни механизми на промена и специфично однесување. За да биде ефикасен, особено против диктатурата, политичкиот пркос налага внимателно планирање и подготовка. Потенцијалните учесници ќе треба да разберат што се бара од нив. Ресурсите мора да бидат ставени на располагање. Стратезите ќе мора да направат анализа за тоа кои се најефикасните начини за примена на ненасилната борба. Сега ќе го свртиме вниманието кон последниот клучен елемент: потребата од стратегиско планирање.

6

# ПОТРЕБА ОД СТРАТЕГИСКО ПЛАНИРАЊЕ

Кампањите на политички пркос насочен против диктатурите можат да започнат на разни начини. Во минатото, речиси секогаш овие борби биле непланирани и, во суштина, случајни. Специфичните неволји, кои биле повод за минатите иницијални акции, се многу различни, но често вклучуваат нови бруталности, апсење или убиство на личност со голем углед, нова репресивна политика или наредба, недостиг на храна, непочитување на верските слободи или годишнина од некој важен настан поврзан со тоа. Понекогаш, определена постапка на диктатурата толку многу го разгневувала населението, што тоа стапувало во акција без да знае како може да заврши бунтувањето. Понекогаш се случувало некој храбар поединец, или мала група, да изведе акција која предизвикувала поддршка. Нечија неволја може да биде препознаена како слична на неправдите што ги доживеале други и тие може да ѝ се приклучат на борбата. Понекогаш, специфичен повик на отпор од мала група или поединец може да доживее неочекувано голем одѕив.

Иако спонтаноста има некои позитивни квалитети, често има и недостатоци. Многу често припадниците на демократскиот отпор не ги предвидувале бруталностите на диктатурата, па страдале тешко и отпорот колабирал. Понекогаш, поради недостигот од планирање од страна на демократите, клучните одлуки биле оставани на случајот со поразителни резултати. Дури и кога бил соборуван угнетувачкиот систем, недостигот од планирање за тоа како да се изведе транзицијата кон демократски систем придонесувал за појавување нова диктатура.

## Реалистично планирање

Во иднина, непланираната народна акција несомнено ќе игра значителна улога во востанијата против диктатурите. Сепак, сега е возможно да се изнајдат најефикасните начини за уривање на диктатурата, да се процени кога се созреани политичката ситуација и расположението на народот и да се одбере начинот за почнување со кампања. Потребно е многу внимателно размислување *засновано на реална процена* на ситуацијата и на способностите на населението со цел да се одберат ефикасни начини за постигнување слобода под такви услови.

Ако се сака нешто да се постигне, мудро е да се испланира како да се направи тоа. Колку е поважна целта, или колку се потешки последиците од неуспехот, толку поважно станува планирањето. Стратегиското планирање ја зголемува веројатноста дека сите расположливи ресурси ќе бидат мобилизирани и најефикасно употребени. Ова особено важи за демократското движење – кое има ограничени материјални ресурси и чии поддржувачи ќе бидат во опасност – што се обидува да урне моќна диктатура. Наспроти тоа, диктатурата вообичаено располага со огромни материјални ресурси, организациска сила и способност да врши бруталности.

„Да се испланира стратегија“ овде значи да се смисли правец на дејствување што ги зголемува шансите да се премине од сегашната во посакуваната идна ситуација. Во нашата дискусија, тоа значи од диктатура во иден демократски систем. Планот за постигнување на таа цел вообичаено ќе содржи низа етапни кампањи и други организирани активности кои треба да ги зајакнат угнетеното население и независните институции и да ја ослабат диктатурата. Треба да се забележи дека целта не е само да се уништи постојната диктатура, туку и да се воспостави демократски систем. Главната стратегија која ја ограничува целта само на уништување на владејачката диктатура, носи голем ризик од произведување друг тиран.

## Пречки при планирањето

Некои поборници на слободата во различни делови од светот не се занимаваат со целосен капацитет со тоа како да се достигне слободата. Само по некој од овие застапници целосно ја увидуваат екстремната важност на внимателното стратегиско планирање пред да дејствуваат. Затоа, ова речиси никогаш не се прави.

Зошто луѓето што имаат визија да му донесат политичка слобода на својот народ толку ретко подготвуваат сеопфатен стратегиски план за постигнување на таа цел? За жал, повеќето луѓе во демократските опозициски групи често не ја разбираат потребата за стратегиско планирање или не се навикнати или обучени да размислуват стратешки. Ова е тешка задача. Постојано на удар на диктатурата и притиснати од непосредните одговорности, водачите на отпорот често немаат безбедност или време да развијат вештини за стратешко размислување.

Наместо тоа, општа појава е, едноставно, да се реагира на иницијативите на диктатурата. Така, опозицијата секогаш е во дефанзива, трудејќи се да ги зачува ограничените слободи или бастиони на слободата, во најдобар случај забавувајќи го ширењето на диктаторската контрола или предизвикувајќи определени проблеми во спроведувањето на новите политики на режимот.

Секако, некои поединци и групи можеби не ја гледаат потребата за широко, долгорочно планирање на ослободителното движење. Наместо тоа, тие можеби наивно мислат дека ако се залагаат доволно силно, цврсто и долго за својата цел, таа некако и ќе се постигне. Други сметаат дека со самото тоа што, и покрај тешкотиите, живеат во хармонија со своите идеали и ги афирмираат, прават сѐ што можат за да ги остварат. Приврзаноста кон хуманите цели и лојалноста кон идеалите се за пофалба, но сосема се неадекватни за да се стави крај на диктатурата и да се достигне слободата.

Други противници на диктатурата може наивно да мислат дека само ако употребат доволно насилство, ќе дојде слободата.

Но, како што беше спомнато погоре, насилството не гарантира успех. Наместо кон слобода, тоа може да води кон пораз, огромна трагедија, или и двете. Во најголем број ситуации диктатурата е најдобро опремена за насилна борба, а воените факти речиси никогаш не одат во корист на демократите.

Постојат, исто така, активисти што ги заснoваат своите акции на она што „чувствуваат“ дека треба да го прават. Нивниот пристап не е само егоцентричен, туку тие не нудат никакви насоки за развивање голема стратегија за ослободување.

Акцијата што се заснова на „блескава идеја“ што ја имал некој е исто така ограничена. Наместо тоа, потребна е акција заснована на внимателна пресметка на „следните чекори“ што се потребни за уривање на диктатурата. Без стратегиска анализа, водачите на отпорот често нема да знаат кој би бил „следниот чекор“, затоа што не размислиле внимателно за следните специфични чекори потребни за достигнување на слободата. Креативноста и блескавите идеи се многу битни, но треба да се употребат за подобрување на стратегиската ситуација на демократските сили.

Наполно свесни за мноштвото акции што може да се преземат против диктатурата и неспособни да определат од каде да почнат, некои луѓе советуваат „да се користи сѐ одеднаш“. Тоа можеби е од помош, но, се разбира, е невозможно, особено за релативно слабите движења. Понатаму, таквиот приод не обезбедува насоки за тоа од каде да се почне, за тоа каде да се концентрираат напорите и како да се користат често скудните ресурси.

Други лица и групи можеби ја согледуваат потребата од некакво планирање, но способни се само да размислуваат краткорочно и на тактичка основа. Тие можеби не сметаат дека долгорочното планирање е потребно или возможно. Понекогаш можеби не се во состојба стратегиски да размислуваат и да анализираат, дозволувајќи си вниманието постојано да им го одвлекуваат релативно мали прашања, често реагирајќи на акциите на противникот, наместо да ја преземат иницијативата во корист на демократскиот отпор. Посветувајќи толку многу енергија на краткорочни активности,

овие лидери често не успеваат да ги истражат другите можни правци на дејствување со кои вкупните напори би воделе сè поблиску до целта.

Исто така, можно е некои демократски движења да не планираат сеопфатна стратегија за уривање на диктатурата, туку се концентрираат само на итните прашања од друга причина. Тие самите не веруваат дека диктатурата навистина може да се урне со нивните напори. Затоа, планирањето како да се направи тоа се смета за романтично губење време или залудна работа. Луѓето што се борат за слобода против етаблираните брутални диктатури често се соочени со толку моќни воени и полициски сили, што се чини дека диктаторите можат да постигнат сè што сакаат. Во недостиг на вистинска надеж, овие луѓе сепак ќе ѝ се противставаат на диктатурата поради нивниот интегритет и, можеби, поради историјата. Иако нема никогаш да признаат, а можеби никогаш свесно нема ни да увидат, нивните акции дури и ним им изгледаат безнадежни. Затоа, за нив долгорочното сеопфатно стратегиско планирање нема вредност.

Резултатот од неуспехот стратегиски да се планира често е драстичен: се расипува силата, акциите се неефикасни, се троши енергија на минорни прашања, не се искористуваат предностите, а жртвите се залудни. Ако демократите не планираат стратегиски, веројатно е дека нема да успеат да ги постигнат своите цели. Лошо испланираната чудна мешавина на активности нема да му користи на движењето на отпорот. Наместо тоа, веројатно ќе ѝ овозможи на диктатурата да ја засили својата контрола и моќ.

За жал, диктатурите изгледаат многу потрајни отколку што навистина се, затоа што сеопфатните стратегиски планови за ослободување се ретки, ако воопшто и се направени. Тие опстојуваат многу години или децении повеќе отколку што би требало.

### Четири битни термини во стратегиското планирање

Со цел да ни се олесни стратегиското размислување, битно е да се разјасни значењето на четирите основни термини.

*Главна стратегија* е концептот што служи за координирање и насочување на употребата на соодветните и достапните ресурси (економски, човечки, морални, политички, организациски итн.) на групата што се труди во некој конфликт да ги постигне своите цели.

Фокусирајќи го примарното внимание на целите на групата и на ресурсите во конфликтот, главната стратегија ја определува најсоодветната техника на дејствување (какви што се конвенционалното војување и ненасилната борба) што ќе се употреби во конфликтот. При планирањето на главната стратегија, водачите на отпорот мора да проценат и да испланираат кои притисоци и влијанија ќе се употребат врз противникот. Понатаму, главната стратегија ќе вклучи одлуки за соодветните услови и време во кои ќе започнат и ќе продолжат кампањите на отпорот.

Главната стратегија ја поставува основната рамка за избор на повеќе помали стратегии за водење на борбата. Главната стратегија, исто така, ја утврдува распределбата на општите задачи на посебни групи и дистрибуцијата на ресурсите што ќе се користат во борбата.

*Стратегијата* е концепција за тоа како најдобро да се постигнат определени цели во некој конфликт, функционирајќи во рамки на избраната главна стратегија. Стратегијата се занимава со тоа дали, кога и како да се води борбата, но и со тоа како да се постигне максимална ефикасност во борбата за определени цели. Стратегијата може да се спореди со уметничкиот концепт, додека стратегискиот план е архитектонски проект.[12]

Стратегијата може, исто така, да вклучува напори за производство на стратегиска ситуација која е толку поволна што противниците можат да предвидат дека отворен конфликт би им донел сигурен пораз и затоа капитулираат без отворена

[12] Роберт Хелви во еден разговор, 15 август 1993.

борба. Или, ако не е така, подобрената стратегиска ситуација на бунтовниците ќе им гарантира успех во борбата. Стратегијата, исто така, определува како да се дејствува за добро да се искористат успесите кога ќе бидат постигнати.

Што се однесува до текот на самата борба, стратегискиот план е основната идеја за тоа како ќе се развива кампањата и како нејзините одделни компоненти ќе се вклопат заедно за да придонесат колку што е можно повеќе во остварувањето на целите. Тој вклучува вешто распоредување на групите за акција во помали операции. При планирањето мудра стратегија, мора да се земе предвид кои се потребите на одбраната техника за борба за да биде таа успешна. Различни техники ќе имаат различни потреби. Секако, самото исполнување на „барањата“ не е доволно за да се осигури успех. Можеби ќе бидат потребни и дополнителни фактори.

При развивањето стратегии, демократите мора јасно да ги дефинираат своите цели и да утврдат како ќе се мери ефикасноста на напорите за нивно остварување. Оваа дефиниција и анализа им дозволува на стратезите да ги идентификуваат прецизно потребите за остварување на секоја избрана цел. Ваквата потреба од јасност и дефинираност подеднакво се однесува и на тактичкото планирање.

Тактиките и методите на дејствување се користат за имплементирање на стратегијата. *Тактиките* се однесуваат на вештата употреба на силите за достигнување најголем напредок во ограничена ситуација. Тактиката е ограничено дејствување употребено за да се постигне ограничена цел. Изборот на тактики е воден од концептот, како во ограничена фаза од судирот најдобро да се употребат достапните средства за борба за да се спроведе стратегијата. За да бидат најефективни, тактиките и методите мора да се избираат и да се спроведуваат со постојано следење на остварувањето на стратегиските цели. Тактичките придобивки што не помагаат во остварувањето на стратегиските цели, на крајот може да се сведат само на залудно потрошена енергија.

Тактиката, значи, се занимава со ограничен начин на дејствување, кој се вклопува во широката стратегија, исто како

што стратегијата се вклопува во главната стратегија. Тактиките секогаш се однесуваат на борбата, додека стратегијата е посеопфатна. Конкретната тактика може да се разбере единствено како дел од вкупната стратегија на битката или на кампањата. Тактиките се употребуваат во пократки периоди отколку стратегиите, или во помали области (географски, институционални итн.), или од страна на помал број луѓе, или за повеќе ограничени цели. Во ненасилната акција разликата меѓу тактичката цел и стратегиската цел може делумно да се посочи преку тоа дали избраната цел била од поголемо или од помало значење.

Офанзивното тактичко дејствување служи како поддршка за достигнувањето на стратегиските цели. Тактичкото дејствување е средство преку кое стратезите создаваат позитивни услови за одлучувачките напади против противникот. Затоа, најважно е оние што ја имаат одговорноста за планирањето и за извршувањето на тактичките операции да знаат да ја проценат ситуацијата и да ги изберат најсоодветните методи. Оние од кои се очекува да учествуваат мора да се обучени за користење на одбраната техника и на специфичните методи.

*Методот* се однесува на специфичните оружја или средства за акција. Во техниката за ненасилна борба, овде се вклучени десетици посебни форми на акции (какви што се многуте видови штрајкови, бојкоти, политичка несоработка и слично) наведени во петтата глава (види го и прилогот).

Развојот на одговорен и ефикасен стратегиски план за ненасилна борба зависи од внимателното формулирање и избор на главната стратегија, стратегиите, тактиките и методите.

Главното сознание од оваа дискусија е дека во стратегиското планирање на ослободувањето од диктатура, потребна е обмислена употреба на интелектот. Неуспехот интелигентно да се планира може да биде погубен, додека ефикасната употреба на интелектуалните капацитети може да исцрта стратегиски курс што ќе ги користи разумно сите достапни ресурси за да го придвижи општеството кон целта – слобода и демократија.

# 7

# ПЛАНИРАЊЕ СТРАТЕГИЈА

За да се зголемат шансите за успех, водачите на отпорот ќе мора да формулираат сеопфатен план за акции, кој ќе може да го зајакне народот што страда, да ја ослабне и потоа да ја уништи диктатурата и да изгради трајна демократија. За да се направи таков план, потребна е внимателна процена на ситуацијата и на опциите за ефикасна акција. Од таквата внимателна анализа може да се развијат и главна стратегија и специфични стратегии за кампањи што имаат цел достигнување на слободата. Иако се поврзани, развивањето главна стратегија и стратегии за кампањи се два одделни процеси. Само откако ќе се развие главната кампања, може да се развијат целосно и специфичните стратегии за кампањи. Стратегиите за кампањи ќе мора да се дизајнираат за постигнување и зајакнување на главните стратегиски цели.

При развивањето стратегија на отпорот, потребно е да се обрне внимание на многу прашања и задачи. Овде ќе идентификуваме некои од важните фактори што треба да се земат предвид, како на ниво на главната стратегија така и на ниво на стратегијата за кампањи. Сето стратегиско планирање, сепак, бара од планерите на отпорот да имаат темелно разбирање за целата конфликтна ситуација, посветувајќи внимание на физичките, историските, државните, воените, културните, општествените, политичките, психолошките, економските и меѓународните фактори. Стратегиите можат да се развијат само во контекст на конкретната борба и на нејзината заднина.

Најважно е демократските лидери и стратегиските планери да ги проценат целите и важноста на каузата. Дали вреди да се поведе голема борба за целите и зошто? Круцијално е да се определи вистинската цел на борбата. Овде веќе спомнавме дека соборувањето на диктатурата или отстранувањето на постојните диктатори не е доволно. Целта на овие конфликти

мора да биде воспоставување слободно општество со демократски систем на владеење. Јаснотијата во врска со ова прашање ќе влијае врз развојот на главната стратегија и на специфичните стратегии што ќе произлезат.

Стратезите ќе мора да најдат одговор на многу фундаментални прашања, какви што се овие:

- Кои се главните пречки за достигнување слобода?
- Кои фактори ќе го олеснат достигнувањето на слободата?
- Кои се најсилните страни на диктатурата?
- Кои се слабостите на диктатурата?
- До кој степен се ранливи изворите на моќта на диктатурата?
- Колкава е силата на демократските сили и на населението воопшто?
- Кои се слабостите на демократските сили и како може да се коригираат?
- Каков е статусот на третите страни, кои не се директно вклучени во конфликтот, кои веќе помагаат или можат да помогнат, било на диктатурата било на демократското движење, и на кој начин?

## Избор на средства

На ниво на главната стратегија, планерите ќе треба да ги одберат главните средства за борба што ќе се користат во претстојниот судир. Ќе треба да се оценат поволностите и ограничувањата на неколку алтернативни техники на борба, какви што се конвенционалното војување, герилското војување, политичкиот пркос и други.

Правејќи го овој избор, стратезите ќе треба да земат предвид прашања како следниве: Дали одговара одбраниот тип борба на капацитетите на демократите? Дали избраната техника за борба ги користи силните страни на угнетеното население? Дали е оваа техника насочена кон слабостите на

диктатурата или ги напаѓа нејзините најсилни точки? Дали средствата им помагаат на демократите повеќе да се потпираат на своите сили или им наметнуваат зависност од трети страни или надворешни снабдувачи? Колку биле досега успешни избраните средства во соборување други диктатури? Дали го зголемуваат или го ограничуваат бројот на жртвите и на разурнувањата што може да се претрпат во претстојниот судир? Под претпоставка дека диктатурата ќе биде успешно соборена, каков ефект ќе имаат одбраните средства врз видот на власта што ќе произлезе од борбата? Типовите акции за кои ќе се утврди дека се контрапродуктивни ќе треба да се исфрлат од главната стратегија.

Во претходните поглавја тврдевме дека политичкиот пркос нуди значителни компаративни предности во однос на другите техники на борба. Стратезите ќе треба да ја истражат конкретната конфликтна ситуација и да утврдат дали политичкиот пркос обезбедува потврдни одговори на горните прашања.

**Планирање на демократијата**

Треба да се запомни дека во борбата против диктатурата, целта на главната стратегија не е само да ги урне диктаторите туку и да инсталира демократски систем и да оневозможи подем на нова диктатура. За да се постигнат овие цели, избраните средства за борба ќе треба да придонесат за промена на поделбата на ефективната моќ во општеството. Под диктатурата народот и граѓанските институции биле преслаби, а владата пресилна. Без промена на оваа нерамнотежа, новата владејачка гарнитура, ако сака, може да биде исто толку диктаторска колку и старата. Затоа, не е добредојдена „дворска револуција" или државен удар.

Како што утврдивме претходно во петтата глава, политичкиот пркос придонесува за поправедна поделба на ефективната моќ преку мобилизација на општеството против диктатурата. Овој процес се случува на неколку начини. Развојот на капацитетите на ненасилната борба значи дека капацитетот на диктатурата за насилна репресија веќе не може толку лесно

да произведе заплашување и потчинување кај населението. Населението ќе располага со моќни средства за да ѝ парира, а понекогаш и да ја блокира моќта на диктаторот. Понатаму, мобилизацијата на моќта на народот преку политички пркос ќе ги зајакне независните институции на општеството. Искуството со покажаната ефективна моќ нема да се заборави брзо. Знаењето и вештините стекнати во борбата ќе ја намалат веројатноста некои идни диктатори лесно да го стават населението под своја доминација. Поместувањето во односите на моќта на крајот значително ќе ја зголеми веројатноста за воспоставување трајно демократско општество.

**Надворешна помош**

Како дел од подготовките на главната стратегија, потребно е да се процени кои ќе бидат релативните улоги на внатрешниот отпор и надворешните притисоци за дезинтегрирање на диктатурата. Во оваа анализа тврдевме дека главната сила на борбата мора да биде родена во земјата. Ако воопшто и има меѓународна помош, таа ќе биде стимулирана од внатрешната борба.

Како скромно дополнување, може да се направат напори да се мобилизира светското јавно мнение против диктатурата, на хуманитарна, морална и религиозна основа. Може да се направат напори владите и меѓународните организации да воведат дипломатски, политички и економски санкции против диктатурата. Тие може да имаат форма на економско ембарго или ембарго на вооружување, намалување на нивото на дипломатско признавање или прекинување на дипломатските врски, прекин на економската помош или забрана на инвестиции во диктаторската земја, исклучување на диктаторската влада од разни меѓународни организации и од телата на Обединтетите нации. Понатаму, меѓународната помош, какво што е обезбедувањето финансиска и комуникациска поддршка, може да им се даде директно на демократските сили.

## Формулирање главна стратегија

По проценувањето на ситуацијата, изборот на средства и утврдувањето на улогата на надворешната помош, планерите на главната стратегија ќе треба во општи црти да скицираат како е најдобро да се изведе судирот. Овој општ план би се протегал од сегашноста до идното ослободување и воведување демократски систем. Во формулирањето на главната стратегија, овие планери ќе треба да си поставаат себеси разни прашања. Следниве прашања ги претставуваат (на поспецифичен начин од порано) разните работи што треба да се имаат предвид при развивањето на главната стратегија за борба со политички пркос:

Како е најдобро да почне долгорочната борба? Како може угнетеното насление да се здобие со доволно самодоверба и сила за дејствување за да ѝ се противстави на диктатурата, макар и на ограничен начин за почеток? Како да се зголеми капацитетот за несоработка и пркос со текот на времето и со искуството? Кои би можело да бидат целите на низа ограничени кампањи за враќање на демократската контрола врз општеството и за ограничување на диктатурата?

Постојат ли независни институции што ја преживеале диктатурата, кои може да се користат во борбата за воспоставување слобода? Кои институции на општеството можат да се оттргнат од диктаторската контрола или какви институции треба да се создадат одново од страна на демократите за да ги задоволат демократските потреби и да воспостават сфери на демократија дури и додека трае диктатурата?

Како може да се развие организациската сила на отпорот? Како да се обучуваат учесниците? Кои ресурси (финансии, опрема итн.) ќе бидат потребни за време на борбата? Кои видови симболизам можат да бидат најефикасни при мобилизација на населението?

Со кој вид акција и во кои фази би можело засилено да се ослабнат или да се прекинат изворите на моќта на диктатурата? Како ќе може населението што дава отпор да истрае во пркосот и во исто време да ја одржува потребната дициплина

на ненасилство? Како може општеството да продолжи да си ги задоволува основните потреби за време на траењето на борбата? Како ќе може да се зачува редот во општеството среде конфликт? Како што наближува победата, како ќе може демократскиот отпор да продолжи со градењето на институционалната основа на постдиктаторското општество за да биде транзицијата колку што е можно побезболна?

Мора да се запомни дека не постои ниту може да се направи универзална скица за планирање на стратегиите на секое ослободително движење против диктатурата. Секоја борба за уривање диктатура и воспоставување демократски систем ќе биде по нешто различна. Нема две идентични ситуации, секоја диктатура ќе има некои индивидуални карактеристики, а капацитетите на населението што бара слобода ќе варираат. Планерите на главната стратегија за борба со политички пркос ќе мора да имаат длабоко разбирање не само за нивната специфична конфликтна ситуација туку, исто така, и за избраните средства за борба.[13]

Кога внимателно ќе се испланира главната стратегија на борбата, има оправдани причини таа да се објави пред народот. Големиот број луѓе што се потребни да учествуваат можеби ќе бидат поподготвени и поспособни да дејствуваат ако го разберат општиот концепт, како и специфичните инструкции. Ова знаење потенцијално може да има многу позитивен ефект врз нивниот морал, нивната желба да учествуваат и соодветно да дејствуваат. Диктаторите би ги откриле општите постулати на главната стратегија во кој било случај, а познавањето на нејзините одлики може да ги наведе да бидат помалку брутални во репресијата, знаејќи дека тоа може да им се врати како бумеранг. Свесноста за специфичните одлики на главната стратегија може да придонесе за раздор во редовите на диктатурата и за пребегнувања од таборот на диктаторот.

[13] Ги препорачуваме целосните студии: Gene Sharp, *The Politics of Nonviolent Action of Nonviolent Action* (Boston, Massachusetts: Porter Sargent, 1973) и Peter Ackerman and Christopher Kruegler, *Strategic Nonviolent Conflict* (Westport, Connecticut: Praeger, 1994). Види и: Gene Sharp, *Waging Nonviolent Stuggle: Twentieth Century Practice and Twenty-First Century Potential*. Boston: Porter Sargent, 2005.

Штом се усвои главниот стратегиски план за соборување на диктатурата и воспоставување демократски систем, за продемократските групи е важно да истраат во неговата реализација. Само во многу ретки случаи би требало борбата да се размине со иницијалната главна стратегија. Кога постои изобилство докази дека избраната главна стратегија е погрешно конципирана или дека околностите на борбата фундаментално се промениле, планерите можеби ќе мораат да ја изменат главната стратегија. Дури и тогаш, ова треба да се стори само по извршено основно препроценување и откако ќе се развие и усвои нов главен стратегиски план.

**Планирање стратегии на кампањи**

Развиената главна стратегија, колку и да е мудра и да ветува уривање на диктатурата и воведување демократија, нема да се имплементира сама од себе. Треба да се развијат посебни стратегии за водење на главните кампањи што се насочени кон поткопување на моќта на диктаторот. Овие кампањи, пак, ќе содржат и ќе насочуваат разни тактички активности што ќе имаат цел да му нанесат решавачки удари на диктаторскиот режим. Тактиките и специфичните методи на дејствување мора да се изберат внимателно за да можат да придонесат за постигнување на целите на секоја посебна стратегија. Овде дискусијата се фокусира единствено на ниво на стратегија.

Стратезите што ги планираат главните кампањи ќе мора, како и оние што ја планирале главната стратегија, да имаат целосно разбирање на природата и на начините на функционирање на нивната избрана техника за борба. Исто како што воените офицери мора да ја познаваат структурата на војската, тактиките, логистиката, муницијата, влијанието на географијата и слично за да сковаат воена стратегија, планерите на политичкиот пркос мора да ги разберат природата и стратегиските принципи на ненасилната борба. Дури и тогаш, познавањето на ненасилната борба, вниманието на препораките во овој труд и одговорите на прашањата поставени овде нема да направат стратегија сами по себе.

Формулирањето на стратегиите за борбата, сепак, налага стручна креативност.

При планирањето стратегии за специфични кампањи на отпорот и за долгорочен развој на борбата за слобода, стратезите на политичкиот пркос ќе треба да земат предвид различни прашања и проблеми. Меѓу другите, тоа се:

- утврдување на специфичните цели на кампањата и на нивниот придонес кон имплементирањето на главната стратегија;
- разгледување специфични методи или политички оружја со чија употреба најдобро би се спровеле избраните стратегии. Во секој општ план за посебна стратегиска кампања ќе треба да се утврди кои помали, тактички планови и кои специфични методи на дејствување ќе се користат за да се изврши притисок или ограничување на изворите на моќта на диктатурата. Треба да се запомни дека остварувањето на главните цели ќе дојде како резултат на внимателно одбраните специфични помали чекори;
- утврдување дали или како ќе бидат поврзани економските прашања со општата, во суштина, политичка борба. Ако заземаат економските прашања истакнато место во борбата, ќе биде потребно да се погрижат за тоа економските страдања, по падот на диктатурата, да бидат надминати. Во спротивно, може да дојде до разочарување и незадоволство, доколку не се обезбедат брзи решенија за време на транзицискиот период кон демократско општество. Таквото разочарување може да го олесни подемот на диктаторските сили што ветуваат крај на економските неволји;
- утврдување однапред на тоа каков вид лидерска структура и комуникациски систем би функционирал најдобро за започнување на борбата на отпорот, т.е. кои средства за донесување одлуки и комуникации ќе бидат возможни за време на борбата за продолжително давање насоки на членовите на отпорот и на населението воопшто;

- соопштување на вестите за отпорот на најширокото население, на силите на диктаторот и на меѓународните медиуми. Тврдењата и извештаите секогаш мора да се строго засновани на факти. Претерувањата и незаснованите тврдења ќе го поткопаат кредибилитетот на отпорот;
- планови за конструктивни општествени, образовни, економски и политички активности, кои се потпираат на сопствени сили и ги задоволуваат потребите на сопствениот народ во текот на претстојниот конфликт. Таквите проекти може да се спроведуваат од лица што не се директно вклучени во активностите на отпорот;
- утврдување каков вид надворешна помош е пожелна за поддршка на некоја особена кампања или за општата борба за слобода. Како може најдобро да се мобилизира и искористи надворешната помош, без да се направи внатрешната борба зависна од несигурните надворешни фактори? Мора да се обрне внимание на тоа кои надворешни групи најверојатно, а и најсоодветно би помогнале, какви што се невладините организации (социјални движења, верски или политички групи, трудови синдикати итн.), владите и/или Обединетите нации и нивните разни тела.

Освен тоа, за време на масовен отпор против диктаторската контрола, планерите на отпорот ќе треба да преземат мерки за зачувување на редот и за задоволување на општествените потреби со помош на сопствените сили. Ова не само што ќе создаде алтернативни независни демократски структури и ќе ги задоволи автентичните потреби туку, во исто време, и ќе го намали кредибилитетот на сите тврдења дека е потребна сурова репресија за да се сопрат безредието и беззаконието.

## Ширење на идејата за несоработка

За успешен политички пркос против диктатурата, неопходно е населението да ја сфати идејата за несоработка. Како што е илустрирано во приказната „Господарот на мајмуните“ (види во третата глава), основната идеја е едноставна: ако, и покрај репресијата, доволен број од потчинетите одбие да ја продолжи соработката доволно долго, угнетувачкиот систем ќе биде ослабнат и на крајот ќе колабира.

Луѓето што живеат под диктатура можеби веќе се запознаени со тој концепт од разни извори. Дури и да е така, демократските сили треба намерно да ја шират и популаризираат идејата за несоработка. Приказната „Господарот на мајмуните“, или некоја слична, може да се рашири низ општеството. Таква приказна може лесно да биде разбрана. Штом еднаш се разбере општиот концепт за несоработка, луѓето ќе можат да ја разберат релевантноста на идните повици за несоработка со диктатурата. Тие ќе можат и самите да импровизираат безброј специфични видови несоработка во нови ситуации.

Наспроти тешкотиите и опасностите што ги следат обидите да се соопштуваат идеи, вести и инструкции за отпорот додека се живее под диктатура, демократите често докажувале дека тоа е возможно. Дури и под нацистичка и под комунистичка власт било можно членовите на отпорот да комуницираат не само со други поединци туку дури и со широката јавност, преку издавање илегални весници, летоци, книги, а во последниве години со аудио- и видеокасети.

Предноста на навременото стратегиско планирање е во тоа што општите насоки за отпорот можат да бидат подготвени и разгласени. Во нив може да се назначат прашањата и околностите под кои населението треба да протестира и да одбие соработка и како може да се направи тоа. Тогаш, дури и да се прекинат комуникациите на демократското раководство и од нив да не се издаваат или да не се добиваат специфични инструкции, населението ќе знае како да дејствува за некои важни прашања. Таквите насоки, исто така, би обезбедиле и

тест за идентификување на лажните „инструкции на отпорот“, издадени од политичката полиција со цел да испровоцира акција што би го нарушила угледот на отпорот.

**Репресија и противмерки**

Стратегиските планери ќе треба да ги проценат можните одговори и репресијата, особено прагот на насилство, на диктатурата во однос на акциите на демократскиот отпор. Ќе биде неопходно да се определи како да се поднесе, амортизира или избегне без покорување можната зголемена репресија. Тактички, за посебни пригоди, би било во ред издавање соодветни предупредувања за очекуваната репресија до населението и членовите на отпорот, за да ги знаат ризиците од учествувањето. Ако е репресијата сериозна, би требало да се направат подготовки за медицинска помош на повредените членови на отпорот.

Кога предвидуваат репресија, добро би било стратезите однапред да ја разгледаат употребата на тактиките и методите што ќе придонесат за постигнување некоја специфична цел на кампањата или ослободување, но што ќе ја направат бруталната репресија помалку веројатна или помалку можна. На пример, уличните демонстрации и паради против екстремната диктатура можат да бидат драматични, но и со ризик од илјадници мртви демонстранти. Високата цена што ќе ја платат демонстрантите може, сепак, да не изврши поголем притисок врз диктатурата отколку кога сите би останале дома, би се организирал штрајк или државните службеници масовно би изразиле несоработка.

Ако за стратегиски цели биде потребна провокативна акција на отпорот, при што се ризикуваат многубројни жртви, тогаш треба многу внимателно да се земат предвид загубите и добивките од таквиот предлог. Дали ќе бидат населението и членовите на отпорот во состојба да се однесуваат дисциплинирано и ненасилно за време на борбата? Дали можат да им одолеат на провокациите за насилство? Планерите мора да размислат кои мерки би биле преземени за да се одржи

ненасилната дисциплина и да се продолжи со отпорот и покрај жртвите. Дали таквите мерки, какви што се заветите, политичките изјави, летоците за дисциплина, редарите на демонстрациите и бојкотирањето на лицата и групите што се за насилство, ќе бидат возможни и ефикасни? Водачите секогаш мора да внимаваат на можното присуство на агенти провокатори, чија мисија ќе биде да ги поттикнат демонстрантите на насилство.

**Придржување до стратегискиот план**

Кога ќе имаат еднаш здрав стратегиски план, демократските сили не треба да си дозволат да бидат испровоцирани од ситни потези на диктаторите, па да ја напуштат главната стратегија и стратегијата на некоја посебна кампања и да ги насочат главните активности кон небитни прашања. Ниту на емоциите што владеат во моментот – можеби како одговор на новите бруталности на диктатурата – не треба да им се дозволи да го оттргнат демократскиот отпор од неговата главна стратегија или стратегијата на кампањата. Бруталностите можеби се прецизно извршени со цел да ги испровоцираат демократските сили да го напуштат својот добро поставен план, па дури и да извршат насилни дејства, што би им овозможило на диктаторите полесно да ги поразат.

Сѐ додека се проценува дека основната анализа е соодветна, задачата на продемократските сили е да туркаат напред етапа по етапа. Се разбира, промените во тактиките и непосредните цели ќе се случуваат, а добрите лидери секогаш ќе бидат подготвени да ги искористат можностите. Но, овие приспособувања не треба да се измешаат со целите на главната стратегија или со целите на посебната кампања. Внимателното исполнување на избраната главна стратегија и на стратегиите за посебните кампањи многу ќе придонесе за успехот.

# 8

# СПРОВЕДУВАЊЕ ПОЛИТИЧКИ ПРКОС

Во ситуации кога населението се чувствува беспомошно и исплашено, важно е првите задачи за јавноста да бидат акции за градење доверба со низок ризик. Ваквите типови акции – како, на пример, носењето облека на невообичаен начин – може да бидат еден вид јавно изразување несогласување и можност јавноста да се приклучи кон нив во значителна мера. Во други случаи, некое мошне мало (на површината) неполитичко прашање (какво што е обезбедувањето чиста вода) може да биде нешто кон што ќе се насочи групната акција. Стратезите треба да одберат прашање чие решавање ќе биде општоприфатено и тешко за одрекување. Успехот во такви ограничени кампањи може не само да ги исправи конкретните неволји, туку и да го убеди населението дека навистина има моќ.

Повеќето стратегии на кампањи во долгорочната борба не треба да се стремат кон целосно отстранување на диктатурата, туку, наместо тоа, кон ограничени цели. Ниту, пак, секоја кампања бара учество на сите делови од населението.

Кога размислуваат за низа специфични кампањи со кои би се имплементирала главната стратегија, стратезите на пркосот треба да водат сметка за тоа како ќе се разликуваат меѓу себе кампањите на почетокот, во средината и при крајот на долгорочната борба.

## Селективен отпор

Во почетните фази на борбата, одделни кампањи со специфични цели можат да бидат многу корисни. Такви селективни кампањи можат да се одвиваат една по друга. Повремено, две или три може временски да се поклопуваат.

При планирање стратегија за „селективен отпор“, потребно е да се идентификуваат специфичните ограничени прашања или неволји што ја симболизираат општата угнетеност под диктатурата. Таквите прашања може да бидат соодветни за спроведување кампањи за остварување посредни стратегиски цели во рамките на општата главна стратегија.

Овие преодни стратегиски цели мора да бидат достижни со постојната или со проектираната моќ на демократските сили. Тоа помага да се обезбедат серија победи, кои се добри за моралот, но, исто така, придонесуваат за сѐ поголемо поместување на односот на силите во корист на долгорочната борба.

Стратегиите за селективен отпор треба да се посветат првенствено на конкретни општествени, економски или политички прашања. Тие можат да бидат избрани со цел еден дел од општествениот и политичкиот систем да се држи надвор од контрола на диктаторите, да се преземе контрола врз некој дел што во моментот е контролиран од диктаторите или да се осуети некоја нивна цел. Ако е можно, кампањата за селективен отпор, исто така, треба да нападне една или повеќе слаби точки на диктатурата, како што веќе кажавме. Со тоа, демократите можат да го постигнат најголемото можно влијание со моќта што ја имаат на располагање.

Потребно е стратезите уште на почетокот да ја испланираат стратегијата за првата кампања. Кои ќе бидат нејзините ограничени цели? Како ќе помогне таа во исполнувањето на избраната главна стратегија? Ако е можно, мудро е да се формулираат барем општите црти на стратегиите за втората и, веројатно, за третата кампања. Сите такви стратегии ќе треба да ја имплементираат избраната главна стратегија и да функционираат во рамки на нејзините општи насоки.

**Симболични предизвици**

На почетокот на новата кампања за поткопување на диктатурата, првите акции што имаат повеќе политички карактер мора да бидат со ограничен опсег. Треба да се направени така,

што делумно ќе го тестираат и ќе влијаат врз расположението на населението и ќе го подготват за продолжителната борба преку несоработка и политички пркос.

Почетната акција, веројатно, ќе биде во форма на симболичен протест или може да биде симболичен чин на ограничена и привремена несоработка. Ако е мал бројот на луѓе што сакаат да дејствуваат, тогаш почетниот чин може да се состои од положување цвеќе на место што има симболично значење. Од друга страна, ако е многу голем бројот на луѓе што сакаат да учествуваат, тогаш може да се искористи петминутно запирање на сите активности или неколку минути молчење. Во други ситуации, неколку поединци можат да започнат штрајк со глад, бдеење на некое место со симболична важност, краток студентски бојкот на предавањата или привремено протестно седнување во некоја важна установа. Во диктаторски режим, на овие поагресивни акции, најверојатно, ќе биде одговорено со остра репресија.

Извесни симболични дејства, какво што е физичката окупација на просторот пред палатата на диктаторот или пред штабот на политичката полиција, може да вклучуваат голем ризик и затоа не се препорачуваат при започнување кампања.

Понекогаш, воведните симболични акции предизвикувале големо внимание на домашната и на меѓународната јавност – како масовните демонстрации во Бурма во 1988 година или студентската окупација и штрајкот со глад на плоштадот Тјенанмен во Пекинг во 1989. Големите жртви кај демонстрантите во двата случаја ја потенцираат големата грижа што стратезите мора да ја водат при планирањето на кампањите. Иако имаат огромно морално и психолошко влијание, малку е веројатно дека таквите акции сами по себе ќе ја урнат диктатурата, затоа што остануваат главно симболични и не ги менуваат позициите на моќта на диктатурата.

Вообичаено, не е можно да се пресече пристапот на диктаторите до изворите на моќ целосно и брзо на почетокот на борбата. За тоа би било потребно буквално целото население и речиси сите институции во општеството – кои претходно биле во голема мера покорни – апсолутно да го отфрлат

режимот и одеднаш да му се противстават со масовна и силна несоработка. Тоа досега се нема случено и би било претерано тешко да се постигне. Затоа, во повеќето случаи е нереалистична стратегијата за брза кампања со целосна несоработка и пркос во рана кампања против диктатурата.

**Ширење на одговорноста**

За време на кампањите на селективен отпор, главниот товар обично го понесува еден или повеќе делови од населението. Во некоја подоцнежна кампања со поинаква цел, товарот на борбата ќе биде префрлен на други популациски групи. На пример, студентите можат да организираат штрајк за некое прашање што се однесува на образованието, верските лидери и верниците можат да се концентрираат на прашањето на верските слободи, железничарите би можеле педантно да ги почитуваат безбедносните правила и да го забават железничкиот сообраќај, новинарите можат да ѝ се противстават на цензурата објавувајќи весници во кои на местото на забранетите статии ќе има празно место, или полицијата може постојано да не успева да ги уапси членовите на демократската опозиција за кои е издадена потерница. Етапните кампањи на отпорот, според прашањата и популациската група, ќе овозможат сегменти од населението да одморат, додека во исто време отпорот продолжува.

Селективниот отпор е особено важен за одбраната на постоењето и на автономијата на независните општествени, економски и политички групи и институции што се надвор од контрола на диктатурата, како што беше накратко спомнато порано. Овие центри на моќ ја обезбедуваат институционалната рамка од која населението може да врши притисок или може да се опира на контролата на диктатурата. Тие се, веројатно, првите што ќе бидат на нишан на диктатурата за време на борбата.

### Моќта на диктаторот на нишан

Како што прераснува долгорочната борба од иницијалните стратегии во поамбициозни и понапредни фази, стратезите ќе треба да пресметаат како да ги ограничат дополнително изворите на моќта на диктаторот. Целта би била да се создаде поповолна стратегиска ситуација за демократските сили, преку употреба на масовна несоработка.

Како што ќе расте силата на силите на отпорот, стратезите ќе планираат сѐ поамбициозна несоработка и пркос за да се прекинат изворите на моќ на диктатурата, со цел произведување сѐ поголема политичка парализираност, а, на крајот, и распад на самата диктатура.

Ќе биде неопходно внимателно да се испланира како можат демократските сили да ја ослабнат поддршката што на диктатурата претходно ѝ ја понудиле народот и разни групи. Дали ќе ослабне нивната поддршка кога ќе се дознае за бруталностите што ги извршил режимот, преку објавување на погубните економски последици од политиките на диктатурата или преку новото сознание дека диктатурата може да има крај? Поддржувачите на диктаторот треба да се наведат да станат барем „неутрални“ во нивните активности („воздржани“) или, најпожелно, да станат активни поддржувачи на движењето за демократија.

За време на планирањето и на спроведувањето на политичкиот пркос и на несоработката, од големо значење е да се обрне внимание на сите главни поддржувачи и помагачи на режимот, вклучувајќи ја и нивната внатрешна клика, политичката партија, полицијата и бирократите, но најмногу на нивната армија.

Треба внимателно да се процени степенот на лојалност на воените сили, како на војниците така и на офицерите, кон диктатурата и да се утврди дали е војската отворена за влијание од страна на демократските сили. Можеби многу од војниците се несреќни и исплашени регрути? Можеби многу од војниците и офицерите се отуѓени од режимот од лични, семејни или политички причини? Кои други фактори може да

ги направат војниците и офицерите подложни на демократската субверзија?

Уште во раните фази на борбата за слобода треба да се развие посебна стратегија за комуницирање со трупите и со функционерите на диктаторот. Со зборови, симболи и акции, демократските сили можат да ги информираат трупите дека ослободителната борба ќе биде силна, одлучна и упорна. Трупите треба да научат дека борбата ќе има посебен карактер, создаден за поткопување на диктатурата, но не и за загрозување на нивните животи. Крајната цел на таквите напори е да се поткопа моралот на диктаторските трупи и на крајот да се пренасочи нивната лојалност и послушност во корист на демократското движење. Слични стратегии може да се насочат кон полицијата и кон државните службеници.

Обидот да се придобијат симпатиите и, најпосле, да се наведат на непослушност силите на диктаторот не треба да се толкува како охрабрување на воените сили набрзина да ѝ стават крај на постојната диктатура преку воена акција. Таквото сценарио, најверојатно, нема да воспостави функционална демократија, затоа што (како што веќе кажавме) државниот удар не придонесува кон поправањето на нерамнотежата на односите на моќта меѓу населението и владетелите. Затоа, ќе биде неопходно да се испланира како би можело офицерите на војската да разберат дека ниту државен удар ниту граѓанска војна против диктатурата не се потребни ниту пожелни.

Офицерите што со симпатии гледаат на отпорот може да играат витални улоги во демократската борба, каква што е ширењето незадоволство и несоработка кај вооружените сили, охрабрување намерна неефикасност и тивко игнорирање на наредбите и поддршка на одбивањето да се врши репресија. Воениот персонал, исто така, може да понуди разни начини за позитивна ненасилна помош на демократското движење, вклучувајќи безбеден премин, информации, храна, медицински резерви и слично.

Армијата е еден од најважните извори на моќ на диктаторите, бидејќи може да ги користи дисциплинираните воени единици и оружјето за директен напад и казнување на

непослушното население. *Стратезите на пркосот треба да запомнат дека ќе биде исклучително тешко, или невозможно, да се растури диктатурата ако полицијата, бирократите и војската останат целосно верни на диктатурата и послушни во извршувањето на заповедите.* Затоа, на стратегиите насочени кон лојалноста на силите на диктаторот треба да им се даде висок приоритет од страна на демократските стратези.

Демократските сили би требало да запомнат дека незадоволството и непослушноста во војската и во полицијата може да бидат многу опасни за членовите на тие групи. Војниците и полицијата може да очекуваат тешки казни за секој чин на непослушност, како и егзекуција во случај на бунт. Демократските сили не треба да бараат од војниците и офицерите веднаш да кренат бунт. Наместо тоа, кога е можна комуникација, треба да им се објасни дека постои мноштво релативно безбедни форми на „прикриена непослушност“ со кои можат да почнат да дејствуваат. На пример, полицијата и трупите можат неефикасно да ги извршуваат наредбите за репресирање, да не успеваат да ги лоцираат бараните лица, да ги предупредат припадниците на отпорот дека се подготвуваат репресалии, апсења или депортации и да не им ги пренесуваат битните информации на своите претпоставени офицери. Незадоволните офицери, пак, можат да го занемарат пренесувањето на заповедите за репресија надолу во системот на старешинство. Војниците можат да пукаат над главите на демонстрантите. Слично на тоа, државните службеници може да ги губат документите и инструкциите, да работат неефикасно и да „се разболуваат“, по што ќе мора да останат дома додека не „закрепнат“.

## Промени во стратегијата

Стратезите на политичкиот пркос ќе мора постојано да проценуваат како се спроведуваат главната стратегија и специфичните стратегии на кампањите. Можно е, на пример, борбата да не оди толку добро колку што се очекувало. Во тој случај можеби ќе биде потребно да се пресмета какви промени ѝ се

потребни на стратегијата. Што може да се стори за да се зголеми силата на движењето и да се поврати иницијативата? Во таква ситуација, ќе биде потребно да се идентификува проблемот, да се направи уште една стратегиска процена, веројатно и да се префрлат одговорностите на борбата кон друга популациска група, да се мобилизираат дополнителни извори на моќ и да се развијат алтернативни правци на дејствување. Кога ќе се направи тоа, треба веднаш да се имплементира новиот план.

Наспроти тоа, ако борбата се одвива многу подобро од очекуваното и диктатурата колабира порано одошто се сметало, како можат демократските сили да ги искористат неочекуваните придобивки и да почнат да ја парализираат диктатурата? Во следната глава ќе го истражиме ова прашање.

# 9

# РАСТУРАЊЕ НА ДИКТАТУРАТА

Кумулативниот ефект од добро спроведените, успешни кампањи на политички пркос е да се зајакне отпорот и да се воспостават и да се прошират областите во општеството каде што диктатурата се соочува со ограничена способност за контрола. Овие кампањи, исто така, обезбедуваат важно искуство за тоа како да се одбие соработка и како да се спроведе политички пркос. Тоа искуство ќе биде од голема помош кога ќе дојде времето за несоработка и пркос со масовен размер.

Како што беше кажано во третата глава, послушноста, соработката и потчинетоста се нужни за диктаторите да бидат моќни. Без пристап до изворите на политичка моќ, моќта на диктаторот слабее и на крајот исчезнува. Затоа, откажувањето на поддршката е најважната акција што е потребна за уривање на диктатурата. Можеби е корисно уште еднаш да ги разгледаме изворите на моќ врз кои може да влијае политичкиот пркос.

Чиновите на симболично непризнавање и пркос се меѓу средствата со кои може да се поткопаат моралот и *политичкиот авторитет* на режимот – неговиот легитимитет. Колку е поголем авторитетот на режимот, толку поголеми и посигурни се послушноста и соработката што тој ќе ги добие. Моралната осуда мора да биде изразена преку акција со цел сериозно да се загрози постоењето на диктатурата. Откажувањето соработка и послушност е потребно за да се прекине пристапот на режимот до други извори на моќ.

Втор важен извор на моќ се *човечките ресурси,* бројот и важноста на лицата и групите што се покоруваат, соработуваат или им помагаат на владетелите. Ако прибегнат кон несоработка големи делови од населението, режимот ќе има сериозни проблеми. На пример, ако државните службеници веќе не работат со нивната нормална ефикасност, па дури и остануваат дома, административниот апарат ќе биде сериозно засегнат.

Слично на тоа, ако се меѓу лицата и групите што не соработуваат и оние што претходно обезбедувале специјализирана *стручност и знаење*, тогаш диктаторите ќе видат дека капацитетот за спроведување на нивната волја им е сериозно ослабнат. Дури и нивната способност да носат одлуки и да развиваат ефективни политики засновани на добра информираност ќе биде сериозно намалена.

Ако ослабнат или ја сменат насоката психолошките и идеолошките влијанија – наречени *нематеријални фактори* – кои обично ги тераат луѓето да ги слушаат владетелите и да им помагаат, населението повеќе ќе се стреми кон непослушност и несоработка.

Пристапот што го имаат диктаторите до *материјалните ресурси*, исто така, директно влијае на нивната моќ. Кога контролата врз финансиските ресурси, економскиот систем, сопственоста, природните ресурси, транспортот и средствата за комуникација е во рацете на вистински или на потенцијални противници на режимот, уште еден голем извор на моќ е ранлив или прекинат. Штрајковите, бојкотите и зголемената автономија на економијата, комуникациите и транспортот ќе го ослабнат режимот.

Како што веќе рековме, способноста на диктатурата да се заканува или да применува *санкции* – казни против нескротените, непослушните и некооперативните делови од населението – е централен извор на моќ на диктаторите. Овој извор на моќ може да се ослабне на два начина. Прво, ако е населението подготвено, како во војна, да поднесе сериозни последици како цена на пркосот, ефективноста на расположливите санкции може да биде драстично намалена (т.е. репресијата нема да ја обезбеди посакуваната покорност). Второ, ако станат полицијата и војската и самите незадоволни, тие можат на поединечна или на масовна основа да избегнуваат или директно да одбиваат наредби да апсат, да тепаат или да стрелаат членови на отпорот. Диктатурата е сериозно загрозена ако диктаторот веќе не може да се потпре на полицијата и на војската за вршење репресија.

Накратко, за успех против утврдена диктатура е потребно несоработката и пркосот да ги намалат или да ги отстранат изворите на моќ на режимот. Без постојано напојување од неопходните извори на моќ, диктатурата ќе заслабне и на крајот ќе се распадне. Компетентното стратегиско планирање на политичкиот отпор спрема диктатурите мора да се концентрира врз најважните извори на моќ на диктатурата.

**Ескалирање на слободата**

Во комбинација со политичкиот пркос за време на фазата на селективен отпор, растот на автономните општествени, економски, културни и политички институции прогресивно го проширува „демократскиот простор" на општеството и ја стеснува контролата на диктатурата. Како што јакнат граѓанските институции наспроти диктатурата, така, без оглед на тоа што посакуваат диктаторите, населението сѐ побрзо гради независно општество надвор од нивна контрола. Ако и кога диктатурата интервенира за да ја сопре оваа „ескалација на слобода", во одбрана на новоосвоениот простор може да се примени ненасилната борба, а диктатурата ќе се соочи само со уште еден „фронт" во борбата.

Со време, комбинацијата од отпор и градење институции може да води до слобода *де факто*, правејќи ги непорекливи колапсот на диктатурата и формалното инсталирање демократски систем, затоа што односите на силите во рамките на општеството се веќе фундаментално изменети.

Во седумдесеттите и осумдесеттите, Полска дава јасен пример за постепеното преземање на функциите и институциите на општеството од страна на отпорот. Католичката црква била прогонувана, но никогаш не била под целосна контрола на комунистите. Во 1976 година некои интелектуалци и работници формираа мали групи, каква што е КОР (Работнички заштитен комитет), за да ги промовираат своите политички идеи. Организацијата на синдикати Солидарност, со својата моќ да организира ефикасни штрајкови, изнуди своја легализација во 1980 година. Селаните, студентите и многу други групи,

исто така, формираа свои независни организации. Кога комунистите сфатија дека овие групи го измениле фактичкиот однос на силите, Солидарност беше повторно забранета, а комунистите прибегнаа кон воена диктатура.

Дури и во вонредна состојба, со многу апсења и жесток прогон, новите независни институции на општеството продолжија да функционираат. На пример, десетици илегални весници и магазини продолжија да излегуваат. Илегалните издавачки куќи објавуваа стотици книги годишно, додека прочуените писатели ги бојкотираа комунистичките публикации и владините издавачки куќи. Слични активности продолжија и во други делови на општеството.

Под воениот режим на Јарузелски, за воената комунистичка влада во еден момент беше кажано дека се мавта на врвот на општеството. Функционерите сѐ уште седеа во владините канцеларии и згради. Режимот сѐ уште можеше да се нафрли врз општеството со казни, апсења, затворања, запленување на печатарските преси и слично. Но, диктатурата не можеше да го контролира општеството. Од таа точка натаму, беше само прашање на време кога општеството ќе може сосема да го урне режимот.

Дури и додека диктатурата сѐ уште ги држи владините функции, понекогаш е возможно да се организира демократска „паралелна влада". Таа повеќе ќе функционира како соперничка влада, на која населението и институциите на општетвото ѝ ја даваат својата лојалност, согласност и соработка. Диктатурата тогаш ќе биде сѐ повеќе лишена од овие атрибути на власта. На крајот, демократската паралелна влада може целосно да го замени диктаторскиот режим како дел од транзицијата кон демократски систем. Потоа, како дел од транзицијата, благовремено би бил усвоен устав и би се одржале избори.

**Уривање на диктатурата**

За време на институционалната трансформација на општеството, може да ескалира движењето на пркосот и несоработката. Стратезите на демократските сили мораат уште на почетокот да мислат на тоа дека ќе дојде време кога демократските сили ќе го надминат селективниот отпор и ќе започнат со масовен пркос. Во повеќето случаи, ќе биде потребно време за создавање, градење или проширување на капацитетите на отпорот, а појавата на масовен пркос може да се случи по само неколку години. Во меѓувреме, кампањите на селективен отпор треба да имаат сè позначајни политички цели. Ќе треба да се вклучат поголеми делови од населението на сите нивоа на општеството. Со оглед на решителниот и дисциплиниран политички пркос за време на ескалацијата на активностите, внатрешните слабости на диктатурата, најверојатно, ќе станувaат сè поочигледни.

Комбинацијата од силен политички пркос и градењето независни институции, најверојатно, со текот на времето ќе произведе големо меѓународно внимание, кое со симпатии ќе гледа на демократските сили. Исто така, може да предизвика меѓународни дипломатски осуди, бојкоти и ембарга, кои ќе ги поддржат демократските сили (како во случајот со Полска).

Стратезите треба да бидат свесни дека во некои ситуации колапсот на диктатурата може да се случи екстремно брзо, како во Источна Германија во 1989 година. Ова може да се случи кога изворите на моќ се во најголем дел прекинати како резултат на тоа што на населението му е згадено од диктатурата. Оваа шема, сепак, не е вообичаена и подобро е да се планира долгорочна борба (но, да се биде подготвен и за кратка).

За време на ослободителната борба, победите, дури и за ограничени прашања, треба да се прославаат. Оние што ја извојувале победата треба да бидат признаени. Славењето, со претпазливост, би требало да помогне во подигнувањето на моралот потребен во идните фази на борбата.

## Одговорно однесување по успехот

Планерите на главната стратегија треба однапред да размислат за можните и претпочитаните начини на кои е најдобро да заврши успешната борба со цел да се спречи подемот на нова диктатура и да се осигури постепено воспоставување траен демократски систем.

Демократите треба да пресметаат како ќе се раководи со транзицијата од диктатура кон привремена влада на крајот на борбата. Пожелно е тогаш брзо да се создаде нова функционална влада. Како и да е, тоа не смее да биде старата влада со нов персонал. Потребно е да се пресмета кои делови од старата владина структура (како политичката полиција) ќе бидат целосно укинати поради нивниот целосно антидемократски карактер, а кои делови треба да се задржат и подоцна да се подложат на напори за демократизација. Целосното отсуство на влада ќе отвори пат за хаос или за нова диктатура.

Треба однапред да се размисли за тоа каква ќе биде политиката спрема високите функционери на диктатурата откако ќе се урне нејзината моќ. На пример, дали ќе им се суди на диктаторите? Дали ќе им се дозволи трајно да ја напуштат земјата? Кои се другите опции што се конзистентни со политичкиот пркос, потребата од реконструкција на земјата и градењето демократија по победата? Мора да се избегне крвопролевање, кое може да има драстични последици за идниот демократски систем.

Кога диктатурата ќе почне да слабее или кога ќе колабира, плановите за транзиција кон демократија треба веќе да бидат изготвени. Таквите планови ќе помогнат да се спречи можноста друга група да ја преземе власта преку државен удар. Исто така, ќе бидат потребни и планови за поставување демократска уставна власт со целосни политички и лични слободи. Промените до кои се дошло со голема цена не треба да се изгубат поради недостиг од планирање.

Кога ќе се соочат со сѐ помоќното население и со растот на независните демократски групи и институции – кои не може

да ги контролира диктатурата – диктаторите ќе согледаат дека целиот нивен потфат се распаѓа. Општите прекини на функционирањето на општеството, генералните штрајкови, масовното останување дома, пркосните маршеви или други активности сѐ повеќе ќе ја поткопуваат организацијата на самата диктатура и институциите поврзани со неа. Како последица од таквиот пркос и несоработка, изведени мудро и со масовно учество, како што поминува времето, диктаторите ќе ја губат моќта, а бранителите на демократијата, без насилство, ќе триумфираат. Диктатурата ќе се распадне пред пркосното население.

Но, нема да успее секој таков напор, барем не лесно и ретко кога брзо. Треба да се запомни дека колку војни се добиваат толку и се губат. Сепак, политичкиот пркос нуди реални можности за победа. Како што беше кажано порано, таа можност може многу да се зголеми преку развој на мудра главна стратегија, внимателно стратегиско планирање, напорна работа и дисциплинирана, бестрашна борба.

# 10

# ТЕМЕЛИТЕ НА ТРАЈНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Падот на диктатурата, секако, е причина за голема прослава. Луѓето што долго страдале и се бореле, плаќајќи висока цена за тоа, заслужуваат време за радост, релаксирање и признание. Тие треба да се гордеат со себе и со сите што се бореле со нив за политичка слобода. Нема сите да го доживеат овој ден. Живите и мртвите ќе бидат запомнети како херои што помогнале да се обликува историјата на слободата во нивната земја.

За жал, ова не е време за намалена будност. Дури и во случај диктатурата да биде успешно урната со помош на политички пркос, мора да се преземат сите мерки на претпазливост за да се спречи подемот на нов угнетувачки режим во конфузијата што ќе уследи по падот на стариот. Лидерите на продемократските сили треба да бидат однапред подготвени за мирна транзиција кон демократија. Диктаторските структури ќе мора да се растурат. Ќе мора да се изградат уставната и правната основа и стандардите на однесување за трајна демократија.

Никој не треба да верува дека веднаш по падот на диктатурата ќе настане идеално општество. Распадот на диктатурата, едноставно, обезбедува почетна позиција, во услови на зголемена слобода, за долгорочни напори за подобрување на општеството и за поадекватно задоволување на човековите потреби. Тешките политички, економски и општествени проблеми ќе продолжат со години, што ќе бара соработка на многу луѓе и групи во напорите за нивно решавање. Новиот политички систем би требало да обезбеди можности за луѓето со различни погледи и поволни решенија да продолжат со конструктивната работа и развојот на политики за справување со проблемите во иднина.

## Опасност од нова диктатура

Аристотел одамна предупреди дека „...и тиранијата може да се промени во тиранија...“[14] Има изобилство историски докази од Франција (јакобинците и Наполеон), Русија (болшевиците), Иран (Ајатолахот), Бурма (SLORC) и други места, кога падот на еден угнетувачки режим ќе биде доживеан од некои лица и групи само како можност за нив да настапат како нови господари. Нивните мотиви може да варираат, но резултатите често се приближно исти. Новата диктатура може да биде дури и посурова и пототална во контролирањето од старата.

Дури и пред колапсот на диктатурата, членовите на стариот режим може да се обидат да ја прекратат пркосната борба за демократија изведувајќи државен удар наменет само да ја испревари победата на масовниот отпор. Тие може да тврдат дека сакаат да ја симнат диктатурата, но, всушност, само бараат начин да наметнат нов, преобликуван режим.

## Спречување преврати

Постојат начини на кои може да се поразат превратите во новоослободените општества. Ако се знае однапред дека постои капацитет за одбрана, тоа понекогаш може да биде доволно за да се осуети обидот за преврат. Подготвеноста произведува превенција.

Веднаш по изведувањето државен удар, пучистите бараат легитимитет, т.е. прифаќање на нивното морално политичко право да владеат. Затоа, првиот основен принцип на одбраната од државни удари е да не им се дава легитимитет на пучистите.

На пучистите, исто така, им е потребно граѓанските лидери и населението да ги поддржат, да бидат збунети или само пасивни. На пучистите им треба соработка од стручњаци и советници, бирократи и државни службеници, управници и судии, со цел да ја консолидираат својата контрола врз засегнатото општество. На пучистите, исто така, им е неопходно мноштвото луѓе благодарение на кои функционира политичкиот систем,

[14] Аристотел, *The Politics*, Книга V, Поглавје 12, стр. 233.

институциите на општеството, економијата, полицијата и војската, пасивно да се потчинат и да ги извршуваат своите вообичаени функции во согласност со модификациите настанати од наредбите и политиките на пучистите.

Вториот основен принцип на одбраната од државни удари е давањето отпор на пучистите преку несоработка и пркос. Мора да им се откаже потребната соработка и помош. Во суштина, истите средства за борба што биле користени против диктатурата можат да се користат против новата закана, но треба да се применат веднаш. Ако се оспори легитимитетот и откаже соработката, државниот удар може да умре од политичка прегладнетост и со тоа се обновува шансата за градење демократско општество.

### Изработка на нацрт-устав

Новиот демократски систем ќе бара устав што ја овозможува посакуваната рамка за демократско владеење. Уставот треба да ги определи намените на владата, ограничувањата на моќта на владата, средствата и времето за избори преку кои ќе се избираат владините функционери и законодавци, неотуѓивите права на народот и односот на централната влада со пониските нивоа на власта.

Во рамките на централната власт, ако сакаме да остане демократска, потребно е да се направи јасна поделба меѓу законодавните, извршните и судските гранки на власта. Треба строго да се ограничат активностите на полицијата, разузнавачките служби и воените сили за да се спречи каква било законска основа за нивно мешање во политиката.

Во интерес на зачувувањето на демократскиот систем и спречувањето на диктаторските тенденции и мерки, пожелно е уставот да воспостави федерален систем со значителни овластувања за државните, регионалните и локалните нивоа на власт. Во некои ситуации може да се земе предвид швајцарскиот систем на кантони, каде што релативно мали области ги задржуваат големите овластувања, притоа останувајќи составен дел од државата.

Ако во историјата на новоослободената земја веќе постоел устав што содржел многу од овие обележја, можеби е мудро, едноставно, да се врати во сила, со измените што се посакувани или неопходни. Ако не постои соодветен постар устав, ќе биде потребно да се функционира со привремен устав. Инаку, ќе биде потребно да се изготви нов устав. За изготвување нов устав е потребно значително време и обмислување. Во овој процес учеството на јавноста е пожелно и потребно за ратификација на новиот текст или амандманите. Треба да се биде многу внимателен при внесувањето ветувања во уставот што подоцна може да излезат невозможни за спроведување или одредби што би барале високо централизирана власт, затоа што и двете можат да го олеснат појавувањето нова диктатура.

Текстот на уставот треба да биде лесно разбирлив за мнозинството од населението. Уставот не треба да биде премногу комплексен или нејасен, па да можат да го разберат само адвокати или други елити.

## Демократска одбранбена политика

Ослободената земја може да се соочи со надворешни закани за кои ќе биде потребен одбранбен капацитет. Земјата, исто така, може да биде загрозена од странски обиди за воспоставување економска, политичка или воена доминација.

Во интерес на одржувањето внатрешна демократија, треба да се размисли сериозно за примена на основните принципи на политичкиот пркос за потребите на националната одбрана.[15] Пренесувајќи ја способноста за отпор директно во рацете на граѓаните, новоослободените земји би можеле да ја избегнат потребата од основање силни воени капацитети, кои и самите можат да ја загрозат демократијата или да бараат огромни економски ресурси, кои се потребни за други намени.

Мора да се запомни дека некои групи ќе ги игнорираат сите уставни одредби при нивните настојувања да се постават

[15] Види Gene Sharp, *Civilian-Based Defense: A Post-Military Weapons System* (Princeton, New Jersey: Princeton University Press, 1990).

себеси за диктатори. Затоа, населението ќе има трајна задача да применува политички пркос и несоработка со потенцијалните диктатори и да ги чува демократските структури, права и процедури.

**Мериторна одговорност**

Ефектот од ненасилната борба не се само ослабувањето и отстранувањето на диктаторите туку и зајакнувањето на угнетените. Оваа техника им овозможува на луѓето што порано се чувствувале само како пиони или жртви директно да ја преземат моќта за да создадат со своите напори поголема слобода и правда. Ова борбено искуство има важни психолошки последици, придонесува за зголемено самопочитување и самодоверба на оние што порано биле немоќни.

Една од долгорочните позитивни последици од употребата на ненасилна борба за воспоставување демократска власт е дека општеството ќе биде поспособно за справување со трајните и со идните проблеми. Овде може да се вклучат идната злоупотреба на власта и корупцијата, малтретирањето на која било група, економските неправди и ограничувањата на демократските квалитети на политичкиот систем. Помалку е веројатно дека населението што има искуство во употребата на политички отпор ќе биде ранливо од идните диктатури.

По ослободувањето, познавањето на ненасилната борба ќе обезбеди начини за одбрана на демократијата, граѓанските слободи, правата на малцинствата и прерогативите на властите на регионите, државата и локалните власти и невладини институции. Таквите средства, исто така, на народот му овозможуваат начини со кои луѓето и групите можат мирно да изразат екстремно несогласување за некои прашања кои се чинат толку важни што понекогаш опозициските групи прибегнуват кон тероризам и герилско војување.

Размислувањата во ова истражување на политичкиот пркос или ненасилната борба имаат за цел да им бидат од помош на сите лица и групи што сакаат да го тргнат диктаторското угнетување од својот народ и да воспостават траен демократски

систем што ги почитува човековите слободи и општа акција за подобрување на општеството.

Има три заклучоци од идеите кажани овде:

- Ослободувањето од диктатурата е можно.
- За да се постигне тоа, ќе биде неопходно многу внимателно планирање.
- Ќе бидат неопходни будност, напорна работа и дисциплинирана борба, често со голема цена.

Често цитираната фраза „Слободата не е бесплатна" е вистинита. Ниедна надворешна сила нема да дојде за да му ја даде толку посакуваната слобода на угнетениот народ. Луѓето мора да научат како да се изборат самите за слобода. Не може да биде лесно.

Ако разберат што им треба за нивно ослободување, луѓето ќе можат да исцртаат насоки за дејствување што, со многу работа, на крајот ќе ги доведат до слободата. Потоа можат вредно да го градат новиот демократски поредок и да се подготвуваат за негова одбрана. Слободата извојувана со борба од овој тип може да биде трајна. Може да се одржува од страна на истрајните луѓе посветени на нејзиното чување и збогатување.

# ПРИЛОГ 1

# МЕТОДИ НА НЕНАСИЛНА АКЦИЈА[16]

## МЕТОДИ НА НЕНАСИЛЕН ПРОТЕСТ И УБЕДУВАЊЕ

**Формални изјави**

1. Јавни говори
2. Писма на противење или поддршка
3. Декларации на организации и институции
4. Потпишани јавни изјави
5. Декларации на обвинување и намери
6. Групни или масовни петиции

**Комуницирање со поширока публика**

7. Слогани, карикатури и симболи
8. Банери, постери и соопштенија на дисплеј
9. Летоци, памфлети и книги
10. Весници и журнали
11. Снимки, радио и телевизија
12. Пишување по небо и по земја

**Групно претставување**

13. Поставување претставници
14. Потсмешливи награди
15. Групно лобирање
16. Протестирање пред зграда (*picketing*)
17. Пародија на избори

[16] Оваа листа со дефиниции и историски примери е преземена од: Gene Sharp, *The Politics of Nonviolent Action*, Part Two, *The Methods of Nonviolent Action*.

**Симболични јавни акции**

18. Покажување знамиња и симболични бои
19. Носење симболи
20. Молитва и обожавање
21. Доставување симболични предмети
22. Протестно соблекување
23. Уништување на својата сопственост
24. Симболични светла
25. Прикажување портрети
26. Боја како протест
27. Нови знаци и имиња
28. Симболични звуци
29. Симболични поплаки
30. Груби гестови

**Притисоци врз поединци**

31. „Прогонување“ функционери
32. Исвиркување функционери
33. Побратимување
34. Бдеења

**Драма и музика**

35. Хумористични скечеви и шеги
36. Драмски и музички изведби
37. Пеење

**Процесии**

38. Маршеви
39. Паради
40. Религиозни процесии
41. Аџилак
42. Моторизирана придружба

**Чествување на мртвите**

43. Политичко оплакување
44. Пародични погреби
45. Демонстративни погреби
46. Оддавање почит на гробишта

**Јавни собири**

47. Собири за протест или поддршка
48. Протестни митинзи
49. Камуфлирани протестни митинзи
50. Отворен час

**Повлекување и одрекување**

51. Излегување
52. Молк
53. Одрекување почит
54. Вртење грб

## МЕТОДИ НА ОПШТЕСТВЕНА НЕСОРАБОТКА

**Исклучување лица**

55. Општествен бојкот
56. Селективен општествен бојкот
57. Лизистратска неакција
58. Екскомуникација
59. Бркање

**Несоработка со општествени настани, обичаи и институции**

60. Суспензија на општествени и на спортски активности
61. Бојкот на општествени работи
62. Студентски штрајк
63. Општествена непослушност
64. Повлекување од општествени институции

**Повлекување од општествениот систем**

65. Останување дома
66. Целосна лична несоработка
67. Одлив на работници
68. Прибежиште
69. Колективно исчезнување
70. Протестна емиграција (хиџра)

## МЕТОДИ НА ЕКОНОМСКА НЕСОРАБОТКА

### 1. ЕКОНОМСКИ БОЈКОТИ

**Акции на потрошувачите**

71. Потрошувачки бојкот
72. Некористење бојкотирана стока
73. Политика на штедење
74. Неплаќање наемнина
75. Одбивање да се изнајмува
76. Државен потрошувачки бојкот
77. Меѓународен потрошувачки бојкот

**Акции на работниците и произведувачите**

78. Работнички бојкот
79. Бојкот од произведувачите

**Акција на посредниците**

80. Бојкот од набавувачите и од управувачите

**Акција на сопствениците и на менаџментот**

81. Бојкот од трговците
82. Одбивање да се издаде или да се продаде имот
83. Заклучување
84. Одбивање индустриска помош
85. „Генерален штрајк“ на трговците

**Акција на сопствениците на финансиски ресурси**

86. Повлекување депозити од банки
87. Одбивање да се наплатат маржи, такси и проценки
88. Одбивање да се плати долг или камата
89. Прекин на фондови и на кредити
90. Одбивање приходи
91. Одбивање владини пари

**Акции на влади**

92. Домашно ембарго
93. Правење црни листи на трговци
94. Меѓународно ембарго од продавачите
95. Меѓународно ембарго од купувачите
96. Меѓународно трговско ембарго

## МЕТОДИ НА ЕКОНОМСКА НЕСОРАБОТКА

### 2. ШТРАЈК

**Симболични штрајкови**

97. Протестен штрајк
98. Брзо излегување (молскавичен штрајк)

**Земјоделски штрајкови**

99. Селански штрајк
100. Штрајк на сопругите на фармерите

**Штрајкови на посебни групи**

101. Одбивање принудна работа
102. Штрајк на затвореници
103. Штрајк на занаетчии
104. Штрајк на струка

**Обични индустриски штрајкови**

105. Штрајк на раководството
106. Штрајк на цела индустрија
107. Штрајк од сочувство

**Ограничени штрајкови**

108. Детален штрајк
109. Штрајк на браник[17]
110. Штрајк со забавување
111. Штрајк со доследно спроведување на правилата
112. Пријавување „боледување“
113. Штрајк со оставка
114. Ограничен штрајк
115. Селективен штрајк

**Штрајкови кои опфаќаат повеќе индустрии**

116. Генерализиран штрајк
117. Генерален штрајк

**Комбинации на штрајкови и затворање стопански погони**

118. *Хартал*[18]
119. Економско гаснење

## МЕТОДИ НА ПОЛИТИЧКА НЕСОРАБОТКА

**Отфрлање авторитет**

120. Задржување или повлекување верност
121. Одбивање да се даде јавна поддршка
122. Литература и говори што го застапуваат отпорот

**Несоработка на граѓаните со владата**

123. Бојкот на законодавните тела
124. Бојкот на избори
125. Бојкот на владини вработувања и позиции
126. Бојкот на владини сектори, агенции и други тела

---

[17] При овој вид штрајк, штрајкувачите бараат од работниците во конкурентските претпријатија да произведуваат повеќе, преземајќи ги нарачките од клиентите. Така се зголемува притисокот врз работодавачот (*заб. на прев.*).

[18] Затворање продавници и претпријатија како политички протест (*заб. на прев.*).

127. Повлекување од владини образовни институции
128. Бојкот на организации што се поддржани од владата
129. Одбивање соработка со полициски агенти
130. Отстранување на сопствените знаци и патокази
131. Одбивање да се примат назначени функционери
132. Одбивање да се растурат постојните институции

**Граѓански алтернативи на послушноста**

133. Неволно и бавно согласување
134. Непокорност кога нема директен надзор
135. Јавна непокорност
136. Замаскирана непокорност
137. Одбивање да се растури собир или состанок
138. Седнување
139. Несоработка при регрутирање и депортирање
140. Криење, бегство и лажни идентитети
141. Граѓанска непослушност кон „нелегитимни“ закони

**Акции на вработени во владата**

142. Селективно одбивање помош од владини помошници
143. Блокирање на линиите за командување и информирање
144. Сопирање и опструкција
145. Општа несоработка од страна на администрацијата
146. Судска несоработка
147. Намерна неефикасност и селективна несоработка од страна на безбедносните агенти
148. Бунт

**Домашна владина акција**

149. Квазилегални избегнувања и одложувања
150. Несоработка на составните делови на владата

**Меѓународна владина акција**

151. Промени во дипломатските и други претставништва
152. Одложување и откажување дипломатски настани
153. Повлекување на дипломатското признавање

154. Прекин на дипломатски односи
155. Повлекување од меѓународни организации
156. Одбивање членство во меѓународни тела
157. Отстранување од меѓународни организации

## МЕТОДИ НА НЕНАСИЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

### Психолошка интервенција

158. Самоизложување на временските услови
159. Пост
    а) Пост како морален притисок
    б) Штрајк со глад
    в) Гандиевски пост
160. Обратно судење
161. Ненасилно малтретирање

### Физичка интервенција

162. Седнување
163. Стоење
164. Влегување со јавање
165. Прекинување
166. Мелење
167. Молитва
168. Ненасилни упади
169. Ненасилни воздушни напади
170. Ненасилна инвазија
171. Ненасилно викање
172. Ненасилно попречување
173. Ненасилно запоседнување

### Општествена интервенција

174. Воспоставување нови општествени шеми
175. Преоптоварување објекти
176. Умртвување
177. Протест со говорење

178. Герилски театар
179. Алтернативни општествени институции
180. Алтернативен комуникациски систем

**Економска интервенција**

181. Обратен штрајк
182. Штрајк со останување внатре
183. Ненасилно заземање земјиште
184. Пркос спрема блокади
185. Политички мотивирано фалсификување
186. Спречувачко купување
187. Запленување средства
188. Дампинг
189. Селективна поддршка
190. Алтернативни пазари
191. Алтернативни системи за транспорт
192. Алтернативни економски институции

**Политичка интервенција**

193. Преоптоварување на административните системи
194. Објавување на идентитетот на тајни агенти
195. Барање затворска казна
196. Граѓанска непослушност спрема „неутрални закони“
197. Продолжување со работа без колаборирање
198. Двоен суверенитет и паралелна влада

# ПРИЛОГ 2

## БЛАГОДАРНОСТ И ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА „ОД ДИКТАТУРА ДО ДЕМОКРАТИЈА“

За пишувањето на овој есеј им должам огромна благодарност на неколку луѓе. Брус Џенкинс, мојот специјален асистент, кој во 1993 година даде огромен придонес во идентификацијата на недоследностите во содржината и во презентацијата. Исто така, даде исклучителни препораки за поригорозна и појасна презентација на сложените идеи (особено оние што се однесуваат на стратегијата), структурната реорганизација и уредничките подобрувања.

Исто така сум им благодарен за уредничката помош на Стивен Коуди, д-р Кристофер Круглер и Роберт Хелви, кои ми упатија многу важни критики и совети. Д-р Хејзел Мекферсон и д-р Патриција Паркман обезбедија информации за борбите во Африка и во Латинска Америка. Но, анализата и извлечените заклучоци се исклучиво моја одговорност.

Во последниве години се развија специјални насоки за преведување, пред сѐ благодарение на упатствата на Жамила Ракиб и на лекциите научени претходните години. Ова беше важно за да се осигури прецизност во преводот на јазиците во кои претходно не постоеше јасна терминологија на ова поле.

„Од диктатура до демократија“ е напишана на барање на покојниот У Тин Маунг Вин, познат демократ од Бурма, кој живееше во егзил и беше уредник на *Кит Пуаинг* (Журнал на новата ера).

Подготовките за овој текст се базираат на повеќе од четириесетгодишно истражување и написи за ненасилна борба, диктатура, тоталитарен систем, отпор, движења, политичка теорија, социолошки анализи и другите области.

Не можев да напишам анализа што ќе се фокусира само на Бурма, бидејќи не ја познавав доволно состојбата во земјата. Поради тоа морав да напишам генеричка анализа.

Есејот првично беше објавен во делови од *Кит Пуаинг* на бурмански и на англиски јазик во 1993 година во Бангкок, Тајланд. Потоа беше објавена брошура на двата јазика (1994г.) и повторно на бурмански јазик (1996 и 1997). Брошурата во Бангкок беше издадена со помош на Комитетот за возобновување на демократијата во Бурма.

Тајно беше дистрибуирана во Бурма, како и меѓу прогонетите и симпатизерите во други земји. Оваа анализа требаше да им служи само на бурманските демократи и на различни етнички групи во Бурма што сакаа независност од бурманската централна влада во Рангун. (Бурманците се доминантна етничка група во Бурма.)

Јас тогаш не предвидов дека генеричкиот фокус ќе ја направи анализата потенцијално релевантна и за која било друга земја со авторитарна или диктаторска влада. Но, тоа очигледно е перцепција на луѓето што во последниве години ја преведоа на својот јазик и ја дистрибуираа во сопствените држави. Неколку луѓе изјавија дека звучи исто како да е напишана за нивната земја.

Воената диктатура СЛОРЦ во Рангунг не губеше време да ја осуди (забрани) оваа публикација. Силно ја нападнаа во 1995 и во 1996 година, а критиките продолжија и во следните години преку весниците, радиото и телевизијата. Веќе во 2005 година неколку лица беа осудени на седумгодишна затворска казна поради тоа што ја поседуваа забранетата публикација.

Иако не беа направени напори оваа публикација да се промовира во други земји, преводот и дистрибуцијата почнаа да се шират сами од себе. Еден студент од Индонезија видел копија на изданието на англиски јазик во излогот на некоја книжарница во Бангкок, ја купил и ја однел дома. Таму беше преведена на индонезиски и објавена во 1997 година од најголемиот индонезиски издавач, а воведот е на Абдурахман

Вахид. Во тоа време тој беше на чело на Надхатил Улама, најголемата мулиманска организација во светот со триесет и пет милиони членови, а подоцна стана и претседател на Индонезија.

Во тоа време во мојата канцеларија во Институцијата „Алберт Ајнштајн" имавме само неколку фотокопии од англиското издание на брошурата издадена во Бангкок. Неколку години моравме да правиме копии од брошурата кога имавме истражувања за кои таа беше релевантна. Подоцна Марек Зеласкиевиц од Калифорнија однесе една од тие копии во Белград за време на владеењето на Милошевиќ и им ја даде на организацијата Граѓански иницијативи. Тие ја преведоа на српски јазик и ја објавија. Кога ја посетивме Србија по падот на режимот на Милошевиќ, ни кажаа дека книгата имала големо влијание кај опозициското движење.

Исто така, важна беше и работилницата за ненасилна борба, која во Будимпешта, Унгарија ја одржа Роберт Хелви, полковник во пензија од американската армија, со дваесетина млади Срби, каде што говореше за природата и потенцијалот на ненасилната борба. Хелви, исто така, им подели копии од целосната *Политика на ненасилна акција*. Тоа беа луѓето што потоа ја основаа организацијата Отпор, која ја предводеше ненасилната борба што доведе до пад на режимот на Милошевиќ.

Ние најчесто не знаеме како свесноста за оваа публикација се шири од земја во земја. Тоа што е достапна на нашата Интернет-страница во последниве години стана важен, но јасно, не и единствен фактор. Откривањето на поврзаноста меѓу овие работи би било голем истражувачки проект.

„Од диктатура до демократија" е сложена анализа и не е лесно четиво. Сепак, се смета за доволно важна за да биде преведена најмалку на дваесет и осум јазици (од јануари 2008), иако за тоа е потребна голема работа и подразбира трошоци.

Оваа публикација е преведена за печатење или за на Интернет-страница на следниве јазици: амхари (Етиопија), арапски, азери (Азербејџан), бахаса (Индонезија), белоруски,

бурмански, чин (Бурма), кинески (поедноставен и традиционален мандарински), дивехи (Малдиви), фарси (Иран), француски, грузиски, германски, џинг пау (Бурма), карен (Бурма), кмерски (Камбоџа), курдски, киргиски (Киргистан), непалски, пашту (Авганистан и Пакистан), руски, српски, шпански, тибетски, тигрински (Еритреа), украински, узбечки (Узбекистан) и виетнамски. Преводот на уште неколку јазици е во подготовка.

Во периодот меѓу 1993 и 2002 година беше преведена само на шест јазици. Меѓу 2003 и 2008 година бројот на преводи порасна на дваесет и два јазици.

Големата разновидност на општествата и јазиците на кои е преведена брошурата ја рашири поддршката на привремениот заклучок дека лицето што првично се сретнало со овој документ смета дека оваа анализа е релевантна за неговото општество.

Џин Шарп

јануари 2008
Институција „Алберт Ајнштајн“
Бостон, Масачусетс

# ПРИЛОГ 3

## ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ПРЕВОДОТ И ЗА НОВИТЕ ИЗДАНИЈА НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА

За да се овозможи полесно ширење на оваа публикација таа е поставена во јавниот домен. Тоа значи дека секој може да ја репродуцира и да ја дистрибуира.

Но, авторот има неколку барања што би сакал да ги постави, иако поединците немаат правна обврска да ги исполнат.

- Авторот бара да не се прават промени во текстот, ниту додавки ниту кратења, ако се репродуцира.
- Авторот бара да биде информиран од поединците што имаат намера да го репродуцираат овој документ. Информацијата може да биде испратена до Институцијата „Алберт Ајнштајн“ (информациите за контакт се појавуваат на почетокот на самата публикација, пред содржината).
- Авторот бара, ако овој документ се преведува, да се вложи напор да се зачува и пренесе оригиналното значење на текстот. Некои од термините во брошурата на некои странски јазици не може да се преведат директно, како, на пример, во некои јазици нема соодветен термин за „ненасилна борба“ и сл. Затоа мора внимателно да се размисли како ќе бидат преведени овие термини и поими за да можат читателите точно да ги разберат.

За поедниците и групите што би сакале да го преведат ова дело, Институцијата „Алберт Ајнштајн“ изготви стандарден збир процедури за превод што може да им помогнат. Тие се:

- Да се направи процес на селекција за избор на преведувач. Кандидатите се оценуваат дали течно го говорат англискиот и јазикот на кој ќе биде преведено делото. Кандидатите, исто така, се оценуваат во однос на општото познавање на темата и нивното разбирање на термините и поимите присутни во текстот.

- Оценувачот се избира на сличен начин. Работата на оценувачот е темелно да го прегледа преводот и да даде препораки, оцени и критики за работата на преведувачот. Најчесто е подобро оценувачот и преведувачот да не го знаат идентитетот на другиот.

- Кога преведувачот и оценувачот ќе бидат избрани, преведувачот поднесува мал преведен дел, две то три страници текст, како и листа со превод на поважните клучни термини што ги содржи текстот.

- Оценувачот го оценува овој примерок од преводот и му ги дава своите препорараки и оцени на преведувачот.

- Ако постојат поголеми несогласувања меѓу преведувачот и оцената на оценувачот за овој примерок, тогаш или оценувачот или преведувачот мора да биде заменет, во зависност од процената на поединецот или групата што го спонзорира преводот. Ако постојат мали несогласувања, преведувачот започнува со превод на целиот текст, имајќи ги предвид коментарите и препораките на оценувачот.

- Кога целиот текст ќе биде преведен, оценувачот го оценува целиот текст и му ги дава своите забелешки на преведувачот.

- Кога преведувачот ќе ги примени препораките од оценувачот и ќе ги направи потребните промени, финалната верзија на текстот е комплетна и преведената книга е подготвена за печатење и за дистрибуција.

# ЗА ПОНАТАМОШНО ЧИТАЊЕ


1. *The Anti-Coup* by Gene Sharp and Bruce Jenkins. Boston: The Albert Einstein Institution, 2003.
2. *Sharp's Dictionary of Power and Struggle: Language of Civil Resistance in Conflicts* by Gene Sharp. New York: Oxford University Press, 2011.
3. *On Strategic Nonviolent Conflict: Thinking About the Fundamentals* by Robert L. Helvey. Boston: The Albert Einstein Institution, 2002.
4. *The Politics of Nonviolent Action* (3 тома) by Gene Sharp. Boston: Extending Horizons Books, Porter Sargent Publishers, 1973.
5. *Self-Liberation* by Gene Sharp with the assistance of Jamila Raqib. Boston: The Albert Einstein Institution, 2010.
6. *Social Power and Political Freedom* by Gene Sharp. Boston: Extending Horizons Books, Porter Sargent Publishers, 1980.
7. *There Are Realistic Alternatives* by Gene Sharp. Boston: The Albert Einstein Institution, 2003.
8. *Waging Nonviolent Struggle: 20th Century Practice and 21st Century Potential* by Gene Sharp. Boston: Extending Horizons Books, Porter Sargent Publishers, 2005.


За информации во врска со нарачките, ве молиме контактирајте со:


The Albert Einstein Institution
P.O. Box 455
East Boston, MA 02128, USA
Tel: USA +1 617-247-4882
Fax: USA +1 617-247-4035
E-mail: einstein@igc.org
Website: www.aeinstein.org

ОД ДИКТАТУРА ДО ДЕМОКРАТИЈА

ЏИН ШАРП

ISBN 978-608-218-188-2
9 786082 181882